# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2012 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, на проширената Општа седница одржана на 11.4. и 12.4.2013 година, согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06), ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија во 2012 година, и на Општа седница одржана на 14.5.2013 година, ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 1.Организација и функционирање

Врховниот суд на Република Македонија, во остварувањето на својата надлежност согласно Законот за судовите, на Проширената Општа Седница ги разгледа извештаите за работа на судовите во Република Македонија.

Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија за тоа како функционираат судовите во Република Македонија, дали тие се ефикасни во обезбедувањето на правдата, непристрасни во примената на правото и квалитетни во обезбедувањето на заштитата на основните човекови права и слободи, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд, како највисок суд во Републиката.

Како резултат на позитивните трендови во македонското судство, унапредувањето на просторните и материјалните услови за работа, користењето на напредната информатичка технологија, едукацијата на кадрите, како и со примената на новините во процесните закони, растеретувањето на судството од извршните предмети и прекршоците, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија констатира скоро целосна ажурност во решавањето на предметите во судовите на Република Македонија за 2012 година.

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија констатира дека во обезбедувањето на ефикасното работење на судовите, секако потребно е да се пополни број на непотполенети работни места за стручни соработници и административни службеници, посебно по упразнувањето на нивните работни места со исполнување на условите за пензионирање.

**2.Состојба со предметите во 2012 година**

Податоците во рефератите по извештаите покажуваат дека судовите во Република Македонија во 2012 година вложиле голем напор и станува збор за голем број на донесени одлуки.

Во 2012 година, според прегледот од извештаите, состојбата со предметите (остаток од претходна година, новопримени, вкупно во работа и решени предмети), по судови е следна:

**ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ**
**ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА**

| Р.бр. | Суд | Нерешени | новопримени | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 (3+4) | 6 | 7(5-6) | 8(6-4) |
| 1. | АС Битола | 1.538 | 9.128 | 10.666 | 9.610 | 1.056 | 482 |
| 2. | АС Гостивар | 1010 | 5.614 | 6.624 | 5.740 | 884 | 126 |
| 3. | АС Скопје | 4.332 | 17.433 | 21.765 | 17.828 | 3.937 | 395 |
| 4. | АС Штип | 359 | 5.312 | 5.671 | 5.528 | 143 | 216 |
| | Вкупно предмети апелациони судови | 7.239 | 37.487 | 44.726 | 38.706 | 6.020 | 1.219 |
| 1. | ОС Скопје I Скопје | 54.138 | 82.698 | 136.836 | 79.804 | 57.032 | -2.894 |
| 2. | ОС Скопје II Скопје | 48.580 | 32.313 | 80.893 | 51.235 | 29.658 | 18.922 |
| 3. | ОС Велес | 4.341 | 12.415 | 16.756 | 13.602 | 3.154 | 1.187 |
| 4. | ОС Гевгелија | 1.084 | 8.314 | 9.398 | 8.651 | 747 | 337 |
| 5. | ОС Кавадарци | 2.214 | 7.924 | 10.138 | 8.263 | 1.875 | 339 |
| 6. | ОС Кратово | 168 | 1.543 | 1.711 | 1.546 | 165 | 3 |
| 7. | ОС Крива Паланка | 741 | 4.153 | 4.894 | 4.151 | 743 | -2 |
| 8. | ОС Куманово | 14.012 | 27.838 | 41.850 | 29.253 | 12.597 | 1.415 |
| 9. | ОС Неготино | 3.763 | 6.180 | 9.943 | 7.719 | 2.224 | 1.539 |
| 10. | ОС Гостивар | 9.600 | 27.867 | 37.467 | 28.311 | 9.156 | 444 |
| 11. | ОС Дебар | 824 | 4.572 | 5.396 | 4.831 | 565 | 259 |
| 12. | ОС Кичево | 1.310 | 12.025 | 13.335 | 12.150 | 1.185 | 125 |
| 13. | ОС Тетово | 8.970 | 25.133 | 34.103 | 27.728 | 6.375 | 2.595 |
| 14. | ОС Битола | 5.594 | 15.935 | 21.529 | 17.022 | 4.507 | 1.087 |
| 15. | ОС Крушево | 466 | 1.866 | 2.332 | 1.958 | 374 | 92 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | ОС Охрид | 5.455 | 13.586 | 19.041 | 13.199 | 5.842 | -387 |
| 17. | ОС Прилеп | 10.970 | 17.668 | 28.638 | 22.271 | 6.367 | 4.603 |
| 18. | ОС Ресен | 472 | 2.252 | 2.724 | 2.345 | 379 | 93 |
| 19. | ОС Струга | 3858 | 14.662 | 18.520 | 13.663 | 4.857 | -999 |
| 20. | ОС Берово | 313 | 2.630 | 2.943 | 2.645 | 298 | 15 |
| 21. | ОС Виница | 343 | 4.430 | 4.773 | 4.327 | 446 | -103 |
| 22. | ОС Делчево | 734 | 4.560 | 5.294 | 4.664 | 630 | 104 |
| 23. | ОС Кочани | 1.365 | 10.043 | 11.408 | 9.718 | 1.690 | -325 |
| 24. | ОС Радовиш | 600 | 7.060 | 7.660 | 7.183 | 477 | 123 |
| 25. | ОС Св. Николе | 1.086 | 4.765 | 5.851 | 5.034 | 817 | 269 |
| 26. | ОС Струмица | 6.962 | 18.886 | 25.848 | 21.570 | 4.278 | 2.684 |
| 27. | ОС Штип | 3.496 | 12.419 | 15.915 | 13.312 | 2.603 | 893 |
| | Вкупно предмети основни судови | 191.459 | 383.737 | 575.196 | 416.155 | 159.041 | 32.418 |

| | суд | Нерешени | новопримени | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Врховен суд на РМ | 3.283 | 4.755 | 8.038 | 5.819 | 2.219 | 1.064 |
| 2. | Виш Управен суд | 0 | 1.750 | 1.750 | 1.715 | 35 | -35 |
| 3. | Управен суд | 15.980 | 14.611 | 30.591 | 16.363 | 14.228 | 1.752 |
| 4. | Вк предмети апелациони судови | 7.239 | 37.487 | 44.726 | 38.706 | 6.020 | 1.219 |
| 5. | Вк предмети основни судови | 191.459 | 383.737 | 575.196 | 416.155 | 159.041 | 32.418 |
| | Вкупно: | 217.961 | 442.340 | 660.301 | 478.758 | 181.543 | 36.418 |

Споредбените податоци укажуваат на разлика помеѓу бројот на нерешени предмети со кој судовите ја завршиле 2011 година кој изнесува **295.769** предмети и бројот на предмети кој се појавува како заостаток од претходната година на почетокот на 2012 година. Разликата

се должи на бројот на извршните и прекршочните предмети, кои веќе не се во работа на судовите.

Судовите 2012 година ја започнале со **217.961** предмети. Во текот на 2012 година вкупно во сите судови примени се **442.340** предмети. Во 2012 година судовите имале вкупно во работа **660.301** предмет, а решени се **478.758** предмети. Со тоа, судовите во 2012 успеале да го совладаат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за **36.418** предмети.

Вишиот Управен суд ја почнал 2012 година без заостаток на предмети од 2011 година. Во текот на 2012 година примил **1.750** предмети, решил **1.715** предмети, со што останале нерешени **35** предмети.

Управниот суд ја почнал 2012 година со **15.980** нерешени предмети, примил нови **14.611** предмети, со што вкупно во работа имал **30.591** предмети. Во 2012 година решил **16.363** предмети, со што останале нерешени **14.228** предмети. Со тоа Управниот суд успеал да го совлада приливот на нови предмети и го намалил заостатокот за **1.752** предмети.

Апелационите судови 2012 година ја започнале со нерешени **7.239** предмети, примиле нови **37.487**, со што вкупно во работа имале **44.726** предмети. Во 2012 година Апелационите судови решиле **38.706** предмети, а останале нерешени **6.020** предмет, со што Апелационите судови го намалиле заостатокот за **1.219** предмети.

Основните судови 2012 година ја започнале со нерешени **191.459** предмети, примиле нови **383.737** предмети или во 2012 година имале вкупно во работа **575.196** предмети. Од овие решени се **416.155**, со што останале нерешени **159.041** предмети. Со тоа основните судови го намалиле заостатокот за **32.418** предмети.

Од ваквиот компаративен, но и и од табеларниот преглед, произлегува дека во 2012 година скоро сите судови го совладале приливот, а решавале и од заостатокот на предмети, притоа:

Вишиот Управен суд го зголемил заостатокот за мал број, од **35** предмети.

Управниот суд успеал да го совлада приливот, а со тоа го намалил заостатокот за **1.752** предмети.

Апелационите судови успеале да го совладаат приливот на нови предмети, и го намалиле заостатокот на предмети.

Повеќето основни судови успеале да го совладаат приливот на нови предмети и го намалиле заостатокот, освен неколку судови кои не успеале да го совладаат приливот, а со тоа го зголемиле заостатокот со предмети, како што следува:

- Основниот суд Скопје I Скопје го зголемил заостатокот за **2894** предмети,
- Основниот суд Струга за **999** предмети,
- Основниот суд Охрид за **387**,
- Основниот суд Кочани за **325**,
- Основниот суд Виница за **105** и
- Основниот суд Крива Паланка за само **два** предмета.

**3. Персонален состав**

Податоците за кадровската состојба, број на судии, стручни и советници со судската администрација, се значајни од аспект на капацитетот на човечките ресурси кои треба да го направат судството поефикасно и поквалитетно.

Компаративно во тригодишен период: во 2010 година, судската функција ја извршувале 682 судии, а во 2011 година 678 судии, а во 2012 година 670 судии.

Бројот на вкупно вработените (судии, стручни, администрација) се движи:

-2010 година 3.046

-2011 година 3.064

-2012 година 3.003.

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО СУДОВИ

### ВИШ УПРАВЕН СУД

Вишиот управен суд е новооснован суд кој започна со работа од 30.06.2011 година согласно член 45 од Законот за управните спорови ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2006 и број 150/2011).

Во текот на 2012 година судот сеуште не е целосно воведен во Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети – А.К.М.И.С, поради што дел од евиденција во судот се води во уписници и помошни книги.

По однос на човечките ресурси, односно кадровската екипираност, во судот се избрани 11 судии и Претседател на судот. На еден судија судската фунција е во мирување затоа што е избран за претседател на Управниот суд.

Во судската служба биле вработени 11 лица, од кои 10 со превземање од Управниот суд за 2011 година, и 1 судски службеник спогодбено бил превземен во 2012 година од Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Според Правилникот за систематизација на работните места во Вишиот управен суд се предвидени 52 работни места.

Во Вишиот управен суд од претходната година нема останато нерешени предмети. Во 2012 година се примени **1.750** предмети по различни основи од кои **1.715** се решени, а останале нерешени **35** предмети.

Работата по предметите во овој суд се одвивала во **3 специјализирани судски оддели** при што:

Во **првиот оддел**, одделот за имотна правна област и други права, примени се 655 предмети. Просекот на решени предмети во првиот оддел изнесува 20,34 предмети месечно.

Во **вториот** оддел, оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, примени се 417 предмети. Просекот на решени предмети во вториот оддел изнесува 12,73 предмети месечно.

Во **третиот** оддел, оддел за финансиски, царински, даночни и други права., примени се 678 предмети. Во третиот оддел постапуваат два совети. Просекот на решени предмети во првиот совет изнесува 6 предмети месечно, а во вториот 15,36 предмети месечно.

Во извештајниот период во судот решени се **1.715** предмети. Просекот на решени предмети е **16,33** месечно.

Недоволната кадровска екипираност на судската служба во Управниот суд го детерминира и обемот на работа на Вишиот управен суд. Спрема оптовареноста на судот во 2012 година може да се каже дека просторните услови за работа и опременост на судот со компјутери и друга техничка опрема задоволува.

Како императив се наметнува потребата од итно поврзување на Вишиот управен суд во АКМИС – от како би се обезбедил целосен увид во работата на овој суд.

Како и претходната и оваа година ја потенцираме потребата од навремено и трајно сместување на овој суд и Управниот суд во иста зграда како би се обезбедиле задоволителни просторни услови за работа за двата суда.

Според бројот на нерешени предмети, согласно критериумите на Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд е **ефикасен суд.**

## УПРАВЕН СУД

**Управниот суд** претходната година ја завршил со заостаток од **15.980** предмети, а во извештајната 2012 година примени се **14.675** предмети, од кои **64** се погрешно заведени, или вкупно во работа во судот биле **30.591** предмет. Во текот на годината решени се **16.363** предмети, а останале нерешени **14.228** предмети.

Приливот на предмети споредено со претходните години е во постојано зголемување. Во споредба со 2010 година приливот на 2011 година беше зголемен за **2.075** предмети, а во 2012 година за **2.808** предмети.

Во извештајниот период во споредба со 2011 година, со вонредно ангажирање на сите вработени во судот се решени повеќе 6.617 предмети, поради што приливот е совладан во целост, а заостатокот намален за **1.752** предмети.

Просекот на решени предмети за 2012 година изнесува **1.558,38** предмети месечно. Вкупниот број на нерешени предмети е **14.228** предмети што претставува **9,13** месечен заостаток поради што Управниот суд според критериумите на Врховниот суд на Република Македонија е **релативно ефикасен суд**.

Во споредба со 2011 година кога просекот на решени предмети изнесувал **30,9** предмети месечно, во текот на извештајниот период просекот на решени предмети изнесува **55,65** предмети месечно.

По однос на квалитетот од вкупно решените **16.363** предмети обжалени се **1.616** одлуки или **9,87 %**. Од обжалените се решени **1.490** од кои се потврдени **948** или спрема вкупно решените предмети **5,79 %**, преиначени **275** или **1,68 %**, укинати **126** или **0,77 %** и отфрлени **138** или **0,84 %**.

Спрема бројот на решените предмети по жалба според податоците од Управниот суд се потврдени **63,62 %**, преиначени **18,45 %**, укинати **8,45 %** и отфрлени жалби **9,26%**.

Работата по предметите во овој суд се одвива во **шест** специјализирани оддели при тоа:

Во **првиот оддел** просекот на решени предмети изнесува 53,65 предмети месечно. На ниво на оддел се решени 1.690 предмети. Обжалени се 85 или 5,02 %. Од обжалените се решени 66 од кои се потврдени 35 или спрема вкупно решените 2,07 %, преиначени 8 или 0,47 %, укинати 14 или 0,82 % и отфрлени 9 или 0,53 %. Спрема бројот на решените предмети по жалба се потврдени 53%, преиначени 12,12 %, укинати 21,21 % и отфрлени 13,63 %.

Во **вториот оддел** постапуваат два совети. Просекот на решени предмети во првиот совет изнесува 46,69 предмети месечно, а на вториот совет 37,57 предмети месечно. На ниво на оддел се решени 3.049 предмети. Обжалени се 483 или 15,84 %. Од обажелените се решени 260 од кои се потврдени 156 или спрема вкупно решените предмети 5,11 %, преиначени 62 или 2,03 %, укинати 27 или 0,88 % и отфрлени 12 или 0,39 %. Спрема бројот на решените предмети по жалба се потврдени 60%, преиначени 23,84 %, укинати 10,38 % и отфрлени 4,61 %.

Во **третиот оддел** просекот на решени предмети изнесува 54,12 предмети месечно. Во овој оддел се решени 1.705 предмети. Обжалени се 256 или 15.01%. Од обжалените се решени 214 од кои се потврдени 114 или спрема вкупно решените предмети 6,68 %, преиначени 70 или 40,10 %, укинати 18 или 1,05 % и отфрлени 12 или 0,70 %.Спрема бројот на решените предмети по жалба се потврдени 53,27% , преиначени 32,71 % укинати 8,41 %, и отфрлени 5,60 %.

Во **четвртиот оддел** просекот на решени предмети изнесува 66,21 предмети месечно. Во овој оддел се решени 2.781 предмет. Обжалени се 261 или 9,38% . Од обажалените се решени 200 од кои се потврдени 145 или спрема вкупно решените предмети 5,21 %, преиначени 23 или 0,82 %, укинати 9 или 0,32% и отфрлени 23 или 0,82 %. Спрема бројот на решените предмети по жалба потврдени се 72,5%, преиначени 11,5 %, укинати 4,5% и отфрлени 11,5 %.

Во **петтиот оддел** просекот на решени предмети изнесува 29,52 предмети месечно. На ниво на оддел се решени 2.790 предмети. Обжалени се 332 или 11,89 %. Од обжалените се решени 238 од кои се потврдени 175 или спрема вкупно решените 6,27 %, преиначени 15 или 0,53 %, укинати 22 или 0,78 % и отфрлени 26 или 0,93 %. Спрема бројот на решени предмети по жалба се потврдени 73,52%, преиначени 6,30%, укинати 9,24%, и отфрлени 10,92%.

Во **шестиот оддел** просекот на решени предмети изнесува 54 предмети месечно. Во овој оддел се решени 3.402 предмети. Обжалени

се 167 или 4,90%. Од обжалените се решени 107 од кои се потврдени 75 или спрема вкупно решените предмети 2,20 %, преиначени 18 или 0,52 %, укинати 9 или 0,26 % и отфрлени 5 или 0,14 %. Спрема бројот на решени предмети по жалба се потврдени 70,09 %, преиначени 16,82 %, укинати 8,41 % и отфрлени 4,67 %.

Во 2012 година не е решен проблемот со несоодветно просторно сместување на вработените во Управниот суд што беше констатирано и во извештаите за работа на овој суд во претходните години.

Од аспект на кадровската екипираност на судот, во Управниот суд според Правилникот за систематизација на работните места се предвидени 133 извршители од кои се пополнети 45.

Во 2012 година покрај Претседателот на судот постојат и 30 судии од кои на двајца судии им мирува судиската функција, бидејќи еден бил избран за член на Судскиот совет на Република Македонија, а другиот за Претседател на Вишиот управен суд. Судскиот совет на Република Македонија делегирал 4 судии од Вишиот управен суд за периодот од 15.04.2012 година до 15.07.2012 година.

Со судиите работат 15 судски службеници од категоријата стручни судски службеници и вкупно 12 од категоријата на административно – технички службеници од кои 6 судски референти – извршители во писарница и 6 судски референти – дактилографи. Посебно загрижува недоволната екипираност на судската служба, особено административен кадар за процесуирање на предметите,особено лица за експедиција на предметите. Недоволниот број на судски референти – извршители во писарница и дактилографи, ја отежнува и успорува работата на судот и не може да не се одрази на посакуваниот ефект со кадровското екипирање на судот со зголемен број на судии и вработување на стручни судски соработници.

## АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

### АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

**Апелациониот суд Скопје** во 2012 година вкупно имал во работа **21.765** предмети, од кои **4.332** предмети пренесени од 2011година и **17.433** новопримени предмети. Обемот на работа во извештајната 2012 година во однос на претходната година кога изнесувал **21.271** предмет е зголемен за **494** предмети.

Во оваа година приливот на нови предмети изнесува **17.433** предмети, кој спореден во однос на претходната година кога биле примени **17901** предмет, претставува намалување за **468** предмети.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил **17.828** предмети, односно **896** предмети повеќе во однос на минатата година, како резултат на засилениот напор на целокупниот персонал во судот. Заклучно со 31.12.2012 година останале **3.937** незавршени предмети, што претставува **395** предмети помалку во

однос на претходната година, што се должи на засилениот напор на целокупниот персонал во судот во извештајната година.

Поаѓајќи од вкупниот бројот на решени предмети и бројот на судии кои ја извршуваат судиската функција во овој суд со состојба на 31.12.2012 година, 46 судии, произлегува дека заостатокот **може да се реши до 3 месеци**, што значи дека во однос на својата ефикасност и ажурност за решавање на наведениот заостаток, судот се смета за **апсолутно ефикасен суд**.

По однос на **квалитетот на работењето во граѓанскиот оддел**, каде што спаѓаат граѓанските спорови, трговските спорови и работните спорови, предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 780 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 6,56% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 394 биле потврдени, што претставува 50,51% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 3,32% од вкупно решените предмети; 82 одлуки биле укинати, што претставува 10,51% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,69% од вкупно решени предмети и 83 одлуки биле преиначени, што претставува 10,64% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,70% од вкупно решените предмети.

По однос на **квалитетот на работењето во кривичниот оддел**, во извештајната година предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 186 одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,53% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, 122 биле потврдени, што претставува 65,59% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, односно 2,31% од вкупно решени предмети; 26 одлуки биле укинати, што претставува 13,98% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,49% од вкупно решените предмети и 8 одлуки се преиначени, што претставува 4,30% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,15% од вкупно решените предмети.

Во однос на работата по **стари предмети**, во текот на 2012 година, судот имал вкупно во работа 2.176 од овој вид предмети (предмети по кои од датумот на прием во судот се поминати две години), од кои 1415 ГЖ предмети, 393 ТСЖ предмети, 236 РОЖ предмети, 51 КЖ предмети, 5 КОКЖ предмети, 5 КСЖ предмети и 71 ПРКЖ предмети. Во извештајната година, завршени се 1815 предмети, а останале незавршени 361 предмети, што укажува на позитивна тенденција во работата на судот со намалување на овој вид на предмети.

Во текот на извештајната година, поаѓајќи од бројот на решени предмети и просечниот број на судии кои постапувале по истите, 47 судии, произлегува дека месечно секој судија решавал по 34 предмети, од што може да се заклучи засилен ангажман на носителите на судиската функција. Заради негово поефикасно и поажурно работење, а особено за подобрување на состојбата со стари предмети, неопходно е пополнување на бројот на носители на судиската функција согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија за зголемување

на бројот на судии во Апелациониот суд Скопје од 05.07.2012 година, според која, функцијата во овој суд треба да ја извршуваат 52 судии и Претседателот на судот. Воедно, потребно е судот да се доекипира со непополнетиот стручен судски кадар, со оглед да во извештајната година судот работи со малку над 50 проценти од стручните судски службеници предвидени со систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, како и пополнување на испразнетите работни места на судските референти-дактилографи.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

Во **Апелациониот суд Гостивар** во текот на 2012 година имал вкупно во работа **6.624** предмети од кои **1.010** предмети незавршени од претходната година и новопримени во 2011година по сите основи **5.614** предмети.

Во текот на извештајната година решени се **5.740** предмети, што претставува **86,65%** од вкупниот број предмети во работа, а споредено со примените предмети, приливот е совладан или решени се повеќе **126** предмети.

Податоците, дека судот извештајниот период го завршил со **884** нерешени предмети по сите основи, како и тоа дека го совладал приливот и заостатокот го намалил за **126** предмети во однос на претходниот извештаен период, како и тоа и дека на секој од судиите на крајот на извештајниот период во работа му останале просечно по **55,2** предмети, што претставува приближно **двомесечен заостаток** на работа, го детерминираат судот на степен на **апсолутно ефикасен суд**.

По однос на **квалитетот во пресудувањето**, состојбата е следна:

Во **граѓанската материја** од доставените од 146 вонредни правни лекови пред Врховниот суд на Република Македонија, вратени се 130, од кои кај ГЖ предметите, потврдени се 14 или 11 % , укинат е 1 или 0,77 % и преиначени се 2 или 1,54 %, а во 49 случаи или 37,7 % вонредниот правен лек е отфрлен. Кај „ РОЖ предметите, потврдени се 20 или 15,4 %, укинати се 7 или 5 %, преиначени 2 или 1,54 % и 16 или 12,3 % се отфрлени. Кај „ТСЖ„ предметите, 9 или 7 % се потврдени 5 одлуки или 4 % се укинати, 1 одлука е преиначена и 4 или 3 % се отфрлени.

Во **кривичната материја** од доставените вонредни правни лекови пред Врховниот суд на Република Македонија се 67 предмети, од кои вратени се 48 од кои 29 или 60,40 % се потврдени, 6 или 12,5 % се укинати, 1 е преиначени 6 или 12,5 % се отфрлени.

По однос на **ангажираноста и квалитетот на работата на судиите**:

Во граѓанскиот оддел, судиите просечно месечно решавале кај „ГЖ„ предметите по 148,4 , кај „ТСЖ„ по 41,5 , кај „ РОЖ„ по 46 и „Р„ по 3 предмети.

Во кривичниот оддел, судиите просечно месечно решавале, кај „КЖ„ предметите по 55,2 , кај „КСЖ„ по 15,4 и „КР„ предмети по 4,5.

**Состојбата со стари и нерешени предмети** покажува дека во судот **260** предмети се сметаат за стари, а на ниво на судовите од апелационото подрачје, кај судовите има **809** стари предмети по сите основи.

Во извештајниот период, судот имал потешкотии во работењето, поврзано за непотполнетоста на потребниот број на извршители во судската служба, особено во админстративно стручните работи, па така и во овие заклучни согледувања, мора да се укаже дека за подобро

работење на судот е потребно да се пополни бројот на судските службеници според систематизацијата и проектираните приоритети од претседателот на судот.

Потребно е во континуитет да се продолжат активностите за целосна имплементација на АКМИС-от, воведување на тонското снимање, електронската достава и останатите новели од процесните закони и Судскиот деловник.

Податоците за траењето на постапката покажуваат дека најголем број предмети се решаваат во време од 3 до 6 месеци, но, не е мал бројот на предмети каде постапката трае до 6 месеци и подолго, на кое нешто судот ќе треба да посвети поголемо внимание, особено во работните спорови.

По однос на квалитетот во работа, искажаните податоци задоволуваат по сите основи, но покажуваат и тоа дека квалитетот на работењето мора да биде постојано опсервиран и навремено да се преземаат мерки за подобрување.

Особено, квалитетот претставува императив во работата, ако се имаат во вид резултатите и податоците од работењето на Основните судови од Апелационото подрачје. Така, судот ќе мора во континуитет да ја следи состојбата, да укажува и да им помага на пониските судови во делот на судската пракса и да врши воедначување примена на законите.

За евидентираните стари предмети, соодветно на заклучните согледувања од изминатите извештајни периоди, судот е должен да врши анализа и да проектира активности за себе и за судовите од Апелационото подрачје, со цел доследно да се применува начелото на ефикасност и да се спречи секаков вид на злоупотреба на дејствијата на странките, кои иако се дозволени со закон, ја одолговлекуваат постапката. Во оваа насока, судот да прими на знаење, а тоа да го пренесува и на судиите на судовите од Апелационото подрачје, дека секое одлагање на закажаното рочиште или претрес со образложените причини за тоа, се опсервираат од Врховниот суд на Република Македонија, во постапка по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, во насока дека забавената правда е еднаква на неправда.

Заклучните согледувања за минатиот извештаен период и предлог мерките кои судот ги презел во извештајниот период, дале евидентен резултат.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Во Апелациониот суд Битола од 2011 година останале нерешени **1.538** предмети. Во текот на 2012 година по сите видови биле примени **9.128** предмети, вкупно во работа биле **10.666** предмети, од кои се решени **9.610** предмети, а останале нерешени **1.037** предмети. Погрешно заведени се **19** предмети. Во 2012 година решен е приливот и е намален заостатокот за **501** предмет.

Апелациониот суд Битола според бројот на нерешените предмети кои останале на крајот на 2012 година, бројот на судиите кои постапувале по предмети , месечно решените предмети во просек по судија, укажува на околноста дека истиот може да се третира како **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на **ангажираност на работата по оддели и видови на предмети**, состојбата е следна: Во 2012 година совладан е приливот, а заостатокот е намален кај **второстепените граѓански предмети**, **стопанските спорови** и **работни спорови.** Во споредба со 2011 година, во текот на 2012 година, биле примени повеќе 111 **кривични предмети во втор степен**. Кај овие предмети одделот не го совладал приливот и го зголемил заостатокот за 4 предмети. Кај **кривични предмети против малолетни лица** одделот целосно го совладува приливот. Кај **прекршочните предмети во втор степен** одделот приливот не го совладува за 27 предмети. Останале нерешени само 3 **кривични предмети од совет**. Целосно е совладан приливот од предмети од функционална надлежност на Претседателот на судот по уписниците **"Су", "Су-Дов", "СУ СТР. ДОВ" и "УПП"**.

Во однос на состојбата со **стари и нерешени предмети** од 2011 година по сите видови предмети вкупно останале нерешени 1.538 предмети. Од вкупно нерешените предмети за 2012 година по видови, состојбата е следна: кривични "КЖ" 35 предмети, "КСЖ" 3 предмет, "ПРКЖ" 42 предмети, граѓански "ГЖ" 831 предмети, "РОЖ" 31 предмет и "ТСЖ" 94 предмети. Сите предмети кои се префрлени во 2013 година се од 2012 година , а на крајот од годината останати се само 5 предмети постари од 6 месеци.

По однос на **ангажираноста во работата на судиите**:

Во ориентационата норма на сите судии не влегуваат предмети решени од Претседателот на судот. Судиите во кривичниот оддел просечно решиле по **30,51** предмети месечно, а во граѓанскиот оддел по **32,02** предмети месечно. Судиите во Апелациониот суд Битола, поединечно месечно сметано за 10,5 месеци во просек решавале над ориентационата норма и во кривичната и во граѓанската област.

Во Апелациониот суд Битола во 2012 година Вкупно во работа биле **10.666** предмети или помалку **651** предмети во споредба со 2011 година. Решени се **9.610** предмети или во однос на 2011 година кога биле решени **9.779** предмети, односно **169** предмети помалку. Во 2012 година решен е приливот и е намален заостатокот за **501** предмет. Стари предмети нема. Во 2012 година на крајот од годината останале само **5** предмети постари од **6** месеци. Судиите решавале над ориентационата норма и во кривичната и во граѓанската област.

Врховниот суд на Република Македонија ја цени за клучна имплементацијата на следните мерки во текот на 2013 година:

Со цел нормално функционирање, ефикасно и квалитетно одлучување по предметите, да се продолжи со добра кадровска политика при избор на судија за секое испразнето место од соодветна област и со добри резултати од првостепените судови.

Во 2013 година да се пополнат сите испразнети места за стручниот кадар и административно - техничкиот персонал согласно новата систематизација.

Да се интензивира соработката со Врховниот суд на Република Македонија.

Да се следи остварувањето на планот за решавање на стари нерешени предмети во текот на 2013 година кај основните судови, а по барање на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на секаква помош.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

Во 2012 година во судот останале вкупно **359** нерешени предмети од претходната година по сите видови. Примени се нови **5.312** предмети или вкупно на работа биле **5.671** предмет. Од вкупниот број на предмети решени се **5.528** предмети, останале нерешени по сите видови вкупно **143** предмети. Апелациониот суд во Штип во 2012 година е **апсолутно ефикасен суд**, ако се има во предвид заостатокот од нерешени предмети од **143**, што претставува помалку од **1 месечен заостаток**.

Споредбено со претходната 2011 година, кога се примени на работа **6.766** предмети, произлегува дека во извештајната година е намален бројот на новопримените предмети за **1454** предмети.

Заостатокот на крајот од 2011 година изнесува вкупно **359** предмети, а пак заостатокот на нерешени предмети на крајот на 2012 година е **143** предмети, што значи во однос на претходната година заостатокот е намален за **216** предмети. Од погоре наведените податоци, може да се констатира дека судот постигнал **апсолутна ажурност**.

Во однос на **времетраењето на постапката**, од вкупно решените **2.053 граѓански предмети**, 87% се решени за време од 3 месеци, а само до 6 месеци постапката завршила по 255 предмети и над 6 месеци постапката траела по само 12 предмети. Од вкупно решените 592 **стопански предмети**, 86% од предметите се решени за време од 3 месеци, до 6 месеци постапката траела кај 79 предмети, над 6 месеци само кај 3 предмети. Од вкупно решените 5.528 второстепените **работни односи**, 93% се решени во период до 3 месеци. Постапката над 6 месеци траела во само 17 предмети. Што се однесува за **кривичните предмети**, **КЖ** судот 737 предмети ги решил за време од 3 месеци или 95 %, а **прекршочните предмети ПРКЖ** од вкупно решените 1.309 предмети се решени за време од 3 месеци или во проценти 100%. Овој

процент покажува апсолутна ажурност при решавањето на овие предмети кои по својата природа се од итен карактер.

Во однос на **квалитетот на работењето**, во текот на 2012 година, процентот на потврдените одлуки е многу висок. Така од **граѓанските предмети** од страна на Врховниот суд на Република Македонија, вратени се 108 предмети, од кои 68 предмети биле потврдени или 63 %, 15 предмети биле укинати или 13,80 %, а 5 предмети се преиначени или 4,60% и по 20 предмети е отфрлен правниот лек или 18,50 % . Во **кривичниот оддел** според показателите произлегува дека вонредните правни лекови се одбиени со над 93 % што значи станува збор за квалитетни одлуки на второстепениот суд и забележен многу добар успех.

Во однос на **ангажираноста во работењето на судиите**, судиите од граѓански оддел оствариле 121% од предвидената ориентациона норма утврдена со одлука на Судскиот Совет на РМ, односно ја оствариле нормата и решиле 21 % повеќе од предвиденото.Судиите кои постапувале по работните спорови РОЖ оствариле 92% од предвидена ориентациона норма утврдена со одлука на Судскиот Совет на РМ, односно ги решиле сите предмети кои им биле доделени во работа и на крајот на извештајната година не останал ниту еден незавршен предмет од оваа област. Вкупниот **заостаток** во граѓанскиот одел кој изнесува 108 предмети претставува фонд за работа **помалку од еден месечен ангажман на судиите.**

Судиите во **кривичен оддел** оствариле 85,60% од предвидената норма утврдена со одука на Судскиот Совет на РМ (овде се пресметани сите предмети од сите видови по кои постапувал судиија од кривичен оддел). **Заостатаокот** од нерешени предмети во кривичниот одел е минимален, бидејќи останале незавршени 33 предмети КЖ и 2 предмети ПРКЖ, што претставува фонд за работа помалку од **едномесечен ангажман на судиите.**

Времетраењето на постапката во судот е во рамките на законските рокови, многу добра, што подразбира ефикасно постапување на судот.Ваквата констатација произлегува од текстуалниот дел од извештајот и од табеларните прегледи, дадени по оделни области, од каде се забележува дека, предметите во претежен дел, изразено во % по области од 86-100% се решени во рок од 3 месеци.

Се забележува вонпредметна ангажирност на сите судии, а посебно за истакнување е вонпредметната ангажираност на Претседателот на судот, кои се манифестирани преку давање на стручна помош на судиите од пониските судови за подрачјето, за разјаснување на спорни прашања, преку учество на континуирана едукација и други семинари, советувања и тркалезни маси, и други активности поврзани со извршување на судската функција.

Нужно е во иднина да се продолжува со континуирана обука не само на судиите туку и со другите вработени како и да се продолжи со осовременување на информатичката технологија која се применува во судот, нејзиното надоградување и продолжување со обуката за применување на истата,

Да се доекипира судот со вработени во судската администрација, посебно со судски советници-дипломирани правници, дактилографи, кој ќе придонесува за ефикасноста и по квалитетното одлучување по предметите во целина.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**

Основниот суд Скопје I Скопје е првостепен кривичен суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје. Судот постапува по предмети за кривични дела од областа на организиран криминал и корупција за целата територија на Република Македонија.

Работата во Основниот суд Скопје I Скопје е организирана по оддели и одделенија и тоа: Оддел за организиран криминал и корупција (судечки и истражен оддел), Кривичен оддел за полнолетни, Кривичен оддел за малолетници, Истражен оддел, Оддел за прекршоци и Оддел за извршување на санкции и мерки на безбедност.

Во текот на 2012 година на работа имал вкупно **136.836** предмети, од кои **54.138** од претходната година и ново примени **82.698** предмети. Од вкупниот број на предмети **136.836**, во текот на извештајната година се решени **79.804** предмети, а како нерешени на крајот на извештајната година останале вкупно **57.032** предмети, а останале нерешени **57.032** предмети.

По однос на **квалитетот на одлуките** според просекот на ниво на оддел на сите судии, се констатира следното: во **одделот за организиран криминал** потврдени се 76%, укинати се 12%, а делумно укинати и преправени се 2,99%. Според процентот на потврдени предмети може да се констатира дека квалитетот во овој оддел е **многу добар**; во **кривичниот оддел - полнолетни** на ниво на оддел потврдени се 61,26%, предмети, укинати се 29,66%, а делумно укинати се 0,36% предмети, преиначени се 8,72% предмети, при што може да се констатира дека квалитетот во овој оддел е **доба**р. Предметите од **кривичниот совет** се потврдени со 89,15% што претставува **многу добар квалитет**. Во **одделот за прекршоци** потврдени се 71,57% прекршочни предмети, укинати се целосно 13,73%, а делумно 0,08%, преиначени се 14,62%, што претставува **многу добар квалитет**.

Што се однесува до **ефикасноста** може да се констатира дека по однос на **кривичните дела од организиран криминал** дека судот е **ефикасен**, имајќи ја во предвид сложеноста на предметите, бројот на обвинетите и обемноста на доказниот материјал. Во решавањето на **кривичните предмети - полнолетни** судот успеал да го намали бројот на нерешените предмети од 7792 на 3.855, односно судот завршил 4205 предмети а останале нерешени 3855 предмети. Исто така и со намалување на нерешените истраги, намален е бројот на вкупниот број на предмети по кои постапувал судот во календарската година. Наведените показатели упатуваат на заклучокот дека судот е **ефикасен** во решавањето на предметите. По однос на **малолетничките предмети**, судот е ефикасен со оглед на тоа што од вкупнниот број на предмети од 297, решени се 208 предмети а не се решени 89 предмети.

Во однос на **состојбата со стари и нерешени предмети,** се констатира следното: Бројот на нерешени стари предмети за **кривично полнолетни „К“** заклучно со 31.12.2011 година има вкупно 1.133 предмети. По однос на **кривични истраги** останале нерешени вкупно 280 предмети, **определени истражни дејствија** останале нерешени вкупно 1.466 предмети, **прекршочни предмети** останале нерешени вкупно 436 предмети, **кривично организиран криминал** останале нерешени вкупно 39 предмети, и **истрага - организиран криминал** има вкупно нерешени предмети заклучно со 31.12.2012 година 11 предмети. Кривични малолетнички предмети “КМ“ не се евидентирани како нерешени стари предмети.

Основниот суд Скопје I Скопје како најголем суд во Република Македонија е единствен кривичен суд кој е надлежен и за кривичните дела од организиран криминал и корупција за целата територија на Република Македонија. Во текот на извештајната година 2012, во решавањето на предметите може да се констатира дека Основниот суд Скопје I Скопје е ажурен и **ефикасен суд** и покрај постоење на одредени околности и потешкотии како по однос на недоволната кадровска екипираност, така и по однос на несоодвените просторните услови за работа како и недоволната информатичка опременост.

Во извештајната година и покрај тоа што на двајца **судии** им мирува мандатот, на 10 судии по разни основи им престанува судиската функција во овој суд, 7 нови судии се избрани, а 15 судии од овој суд користеле боледување подолго време поради здравствени причини, додека пак 3-три судии користеле боледување поради бременост, со поголема ангажираност на постојните судии е успеано да се совлада поголемиот дел од приливот на нови предмети како и од постоечкиот број на предмети во судот. Од друга пак страна и по однос на недоволниот број на судски службеници во изминатата 2012 година, со оглед на фактот што вработувањето им престанало на поголем број на **службеници**, судски соработници, најчесто поради напредување, недостаток на судски референти -дактилографи и виши судски референти-административни работници во судската писарница, се јавуваат потешкотии во работењето на судот, а кое нешто влијае на ефикасноста на работењето на судот и бара дополнителна ангажираност на постојните судии.

По однос на **просторните услови** во кои што работи судот – Основниот суд Скопје I Скопје како кривичен суд и единствен суд кој постапува по кривичните дела од организиран криминал и понатаму нема соодветни услови за работа, секако манифестирано со отсуство на недоволен број на судници како и други пропратни услови, што секако има одраз и на ажурното и ефикасното постапување на судот.

Во однос на претходната година кога во работа судот имал вкупно 128.505 предмети, во извештајната 2012 година обемот е зголемен за 8331 предмети. Меѓутоа, бројот на завршени предмети во споредба со претходната извештајна година е зголемен за 3.170 предмети. Судот не го совладал целосно приливот, освен во одделот за организиран

криминал, кривичниот оддел – полнолетни и малолетничкиот оддел. Во одделот за истрага, прекршочниот оддел и одделот за санкции не е совладан во целост приливот на примени предмети.

**Оценката за квалитетот** е многу добра и истата резултира по извршната оценка на показателите по однос на бројот на обжалените одлуки, бројот на потврдените одлуки, укинатите и преиначените одлуки само по однос на одлуката за кривичната санкција.Во текот на извештајната година во однос на претходната, 2011 година, зголемен е процентот на потврдени одлуки, меѓутоа е зголемено учеството и на укинатите одлуки поради што се упатува на поголемо внимание на квалитетот на работењето во текот на 2013 година.

Што се однесува за **ефикасноста во работењето на судиите** може да се констатира дека по однос на кривичните дела од **организиран криминал** дека судот е **ефикасен**, имајќи ја во предвид сложеноста на предметите, бројот на обвинетите и обемноста на доказниот материјал. Во решавањето на **кривичните предмети - полнолетни** судот успеал да го намали бројот на нерешените предмети од 7792 на 3.855, односно судот завршил 4205 предмети, а останале нерешени 3855 предмети. Исто така и со намалување на нерешените **истраги**, намален е бројот на вкупниот број на предмети по кои постапувал судот во календарската година. Наведените показатели упатуваат на заклучокот дека **судот е ефикасен** во решавањето на предметите. По однос на **малолетничките предмети**, судот е **ефикасен** со оглед на тоа што од вкупнниот број на предмети од 297, решени се 208 предмети а не се решени 89 предмети.

**Основниот суд Скопје I Скопје** има успешна комуникација и соработка со разни субјекти, државни органи и институции и меѓународни организации, посебно со Академијата за судии и јавни обвинители во спроведување на програмата за почетна и континуирана едукација, посебно во активностите за афирмација на новиот концепт на Законот за кривична постапка, со активно вклучување на одделни судии како едукатори, а и учесници во други семинари и советувања.

Судот бил **апсолутно транспарентен** пред јавноста, комуникација била реализирана преку Канцеларијата за односи со јавноста, во склоп на кабинетот на Претседателот на Судот.Активноста на Канцеларијата за односи со јавноста, се остварува и преку објавување на инернет страната на судот на податоци за работата на судот, организацијата на судот, судската зграда, соопштенија за предмети кои беа од особен интерес за јавноста како и дрги податоци. Меѓу другото континуирано на интернет страната на судот и во текот на оваа извештајна година судот продолжил со објавувањето на анонимизирани судски пресуди согласно Законот за судови, при што бројот на анонимизирани судски пресуди во текот на 2012 година во споредба со претходната е поголем за 479 пресуди или 91,5%.

До**екипираноста на судот** со судии, администрација, со изградба на новата судската зграда која се планира да биде пуштена до крајот на 2013 година, со која судот би добил современи судници, судски кабинет

и доволен број на простории за судската даминистрација и современа информатичка технологија, се очекува дека во иднина судот ќе биде уште поефикасен, поквалитетен и ќе се постапува во разумен рок почитувајќи го притоа и начелото на владеење на правото.

Покрај погоре наведеното неизбежно е во иднина судот активноста да ја фокусира во уште подобро **организирање на сите ресурси**, **соодветен распоред на судиите во определени области, целосно ангажирање и зајакнување на довербата во судот и судскиот систем**, посебно ако се има во предвид дека станува збор за единствен кривичен суд кој постапува и по кривичните дела од организиран криминал и други посложени кривични дела, кои перманентно се под опсервација на стручната и пошироката јавност.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**

**Основниот суд Скопје II Скопје** функционира како првостепен граѓански суд со **основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје.**

Во извештајната година овој суд имал вкупно во работа **80.893** предмети од кои **48.580** (без укинати) предмети останати нерешени од претходната година и **32.313** предмети новопримени во текот на годината. Вкупно решени се **51.235** предмети, а останале нерешени **29.658** предмети.

На ниво на суд е совладан годишниот прилив и тоа за **159%**, при што е совладан приливот во одделот за имотни спорови, семејни спорови, спорови од мала вредност, работни спорови, трговски спорови, одделот за стечај и ликвидација и одделот за платни налози. Само во одделот за оставински и ВПП предмети, како и во одделот за регистрација на политички партии, верски заедници, цркви и религиозни групи не е совладан приливот, но тоа не ја нарушува состојба на судот на годишно ниво. Треба да се истакне дека постои **намалување на бројот на старите нерешени** предмети во кои влегуваат и укинатите предмети, како и значително голем број на потврдени предмети во пооделни оддели.

Во извештајната година судот персонално целосно не бил екипиран, се судрувал со материјални и финансиски проблеми, **работел ангажирано и ефикасно**.

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите,** во текот на 2012 година зголемено е учеството на потврдени одлуки, а намелено е учеството на укинати одлуки. Квалитетот на одлуките во **одделот за граѓанските парнични предмети** во соодност на вратени предмети по жалба од Апелационен суд Скопје е: 68,2% потврдени, 18% укинати, 1,3% делумно укинати и 12,5% се преиначени. Во **одделот за работни спорови** соодносот на вратени предмети по жалба е: 89,1% од одлуките се потврдени, 6,1% укинати, 0,8% делумно укинати и 4% преиначени. Во **одделот за трговски спорови** соодносот на вратени предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е: 81,4% од одлуките се потврдени, 13,9% се укинати, 1,3% се делумно укинати, а 3,4%

сепреиначени. Во **одделот за стечај и ликвидација** на крајот од годината останале нерешени 3 укинати предмети. Во **одделот за оставински и вонпроцесни предмети** соодносот на вратени предмети по жалба е: 70,4% од одлуките се потврдени, 28,6% се укинати, 1% делумно укинати. Во **одделот за платни налози** квалитетот на одлуките од аспект на постапување на Апелациониот суд Скопје, соодносот на вратените предмети е: 80,4% од одлуките се потврдени, 17,6% се укинати, 0,6% од одлуките се делумно укинати и 1,4% се преиначени. Соодносот на **вратените извршни предмети, Р. ВРМ и ППНИ – ИПК** по жалба од Апелациониот суд е: 58,8% од одлуките се потврдени, 28,7% се укинати, 1,3% се делумно укинати и 11,2% се преиначени.

Во однос на **состојбата со стари и нерешени предмети,** се констатира следното: Во **граѓанскиот оддел** бројот на стари нерешени предмети на крајот на 2012 година изнесува 1.849 предмети. Во **одделот за работни спорови** нерешени предмети на крајот на 2012 година останале 93 предмети. Во **одделот за трговски спорови** останале 384 стари нерешени предмети. Во **одделот за стечај и ликвидации** намален е бројот на старите нерешени предмети, така да останале нерешени 78 стари предмети. Во **одделот за оставински и вонпроцесни предмети** на крајот на 2012 година останале нерешни 302 стари предмети во кои влегуваат и укинатите предмети.

Судот да може ефикасно да ја остварува својата функција и надлежност што му е доверена со закон, потребно е да бидат одобрени средства за целосно покривање на материјално финансиските потреби на судот и целосна персонална екипираност. Посебно внимание и понатаму да се продолжи во решавањето на старите нерешени предмети, времетраењето на постапките и да се посвети внимание околку пречекорување рокот на изготвување на одлуките.

## ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

**Основниот суд Велес** во текот на 2012 година својата функција ја остварува како првостепен стварно и месно надлежен суд **со проширена надлежност.** Истиот а постапува и по предмети од подрачјето на основните судови Гевгелија, Кавадарци и Неготино.

Во извештајната година во Основниот суд Велес вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува **4.341** предмет, а во текот на годината новопримени се **12.415** предмети, што значи вкупно во работа биле **16.756** предмети. Од нив во текот на годината решени се **13.602** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **3.154** предмети. Погрешно заведени се **8** предмети. Според овие податоци, во текот на извештајната година Основниот суд Велес го совладал годишниот прилив и го намалил заостатокот за **1.187** предмети. Основниот суд Велес во целост го совладал приливот на предмети како во граѓанскиот така и во кривичниот оддел.

Во однос на **квалитетот на одлуките** состојбата е следна:

Во однос на **квалитетот на одлуки**, во **граѓанскиот оддел** е зголемен бројот на потврдени одлуки, а намален на укинати, додека во

**кривичниот оддел** е зголемен бројот на укинати, а намален е бројот на потврдени одлуки.**Квалитет на одлуки** на ниво на кривичен оддел е: од вкупно решени 7.094 предмети на ниво на суд, обжалени биле вкупно 694 предмети, од кои потврдени се вкупно 336 предмети или 46,4%. Укинати се 163 предмети или 22,5%, а преиначени се 209 предмети или 28,9%. Во граѓанскиот оддел од вкупно решени 4.787 предмети на ниво на суд, обжалени биле вкупно 1.000 предмети, од кои потврдени се вкупно 916 предмети или 82,4%. Укинати се 115 предмети или 10,3%, а преиначени се 39 предмети или 3,5%.

Во однос на состојбата **со стари и нерешени предмети**, во судот има вкупно 80 стари нерешени предмети заклучно со 2011 година. Заклучно со 2012 година останати стари предмети се 32.

Во тековната година потребно е судот да го задржи истото ниво на ангажираност, а за надлежните органи постои обврска да ги разрешат финансиските проблеми на судот.

## ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

**Основниот суд Гевгелија** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во текот на 2012 година во Основниот суд Гевгелија во работа имало вкупно 9**.398** предмети, од кои **1.084** предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а **8.314** предмети се новопримени. Во однос на претходната година кога судот во работа имал вкупно **12.625**, во извештајната година обемот на предмети во работа е намален за **3.227** предмети, а исто така и приливот на предмети е намален за **2.736** предмети. Во текот на извештајната година решени се вкупно **8.651** предмет или **92,05%**, а останале нерешени **747** предмети или **7,95%**, додека пак во 2011 година имало вкупно **1.084** нерешени предмети.

Согласно критериумот за **оценување на квалитетот** по бројот на необжалени и потврдени предмети во однос на вкупно решените предмети, квалитетот на пресудување на ниво на суд изнесува **95,69%**, во кривичниот оддел, квалитетот на пресудувањето изнесува **97,11 %**, а во граѓанскиот оддел е **92,19 %**. Во граѓанскиот оддел забележан е пад на потврдени одлуки и непроменет број на укинати одлуки, а во кривичниот оддел е намален бројот и на потврдени и на укинати одлуки.Во однос на остварувањето на орентационата норма, само судиите од кривичниот и истражниот оддел ја оствариле предвидената норма, додека пак судиите во граѓанскиот и прекршочниот оддел поради намалениот број на прилив на нови предмети не биле во можност истата да ја остварат.

Во извештајната 2012 година вкупно во работа имало **162 стари предмети** од кои **87** предмети се пренесени како нерешени од претходниот период, новопримени се **75** предмети, а решени се **116** предмети или **71,6%**, а останале нерешени **46** предмети или **28,4%**.

Основниот суд Гевгелија во текот на извештајната година остварил позитивни резултати, целосно е совладан приливот што ја дава

квалификацијата на **апсолутно ефикасен суд**. Основниот суд Гевгелијај треба да продолжи со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките со интензивирање на процесот на целокупното работење преку засилен личен ангажман на судиите во насока на решавање на поголем број предмети, подобрување на квалитетот во пресудувањето и постојано стручно усовршување на судиите.

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**

**Основниот суд Кавадарци** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во овој суд во текот на **2012** година вкупно во работа биле **10.138** предмети од кои **2.214** предмети останати нерешени од претходната година, а во текот на годината новопримени се **7.924** предмети. Од нив, решени биле **8.263** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **1.875** предмети. Во споредба со претходната година, вкупниот обем на работа во судот е намален за **3.844** предмети. Примени се **3.161** предмет помалку и решени се **3.266** предмети помалку.

Во **2012** година, Основниот суд Кавадарци, го совладал годишниот прилив на предмети а заостатокот на нерешени предмети од 2011година, е намален за **339** предмети, може да се заклучи дека Основниот суд Кавадарци во 2012 година бил **ажурен и ефикасен суд**.

Во однос на **квалитетот на одлуките** состојбата е следна:

Од **истражните предмети** 7 биле по жалба до кривичниот совет, 2 жалби се усвоени, а 5 жалби се одбиени. Во **кривичниот оддел** од обжалените одлуки потврдени се 66,38%, укинати 25%, преиначени 8,62%. Во **прекршочниот оддел** од обжалените одлуки 85,44% се потврдени, 5,83% се укинати, а преиначени се 8,74%. Во споредба со претходната година, намален е бројот на обжалени – вратени одлуки од второстепениот суд и тоа за 100 предмети, а и **процентот на укинатите одлуки е намален за 4,02 %, додека пак процентот на потврдени одлуки е зголемен за 9,75 %.** Во **граѓанскиот оддел** од обжалените одлуки потврдени се 79,74%, укинати се 12,63%, преиначени се 3,42% и делумно укинати се 4,21%. Од обжалените **платни налози** по приговор второстепениот суд потврдил 83,78%, укинал 10,81% и преиначил 5,41%. Во споредба со претходниот извештаен период, обжалени – вратени се 41 предмет помалку, **а процентот на укинати предмети е намален за 7,04 %, додека пак процентот на потврдени одлуки е зголемен за 15,83 %**. Од обжалените **вонпроцесни предмети**, второстепениот суд потврдил 76,92%, а укинал 15,38 %, а преиначени се 7,69 %.

Во однос на состојбата со **старите предмети** во извештајната година, судот обрнал внимание на решавање на старите предмети, така да на крајот на годината нема стари нерешени кривични предмети. Во граѓанскиот оддел останале нерешени 10 стари граѓански предмети и тоа: 1 предмет од 1997 година, 1 предмет од 1998 година и 1 предмет од 2007 година и 7 предмети од 2010 година. Од вкупниот број стари предмети 234 се оставински предмети кои се доверени кај нотарите.

Имајќи го предвид бројот на примени предмети за работа, заостатокот на предмети од претходната година и кадровските состојби во судот може да се констатираат следните предлог заклучоци:

Судиите да вложат напори за зголемување на квалитетот на решавање на предметите.

Во судот во наредниот период треба да се решат кадровските проблеми со пополнување на испразнетите работни места дадени конкретно во извештајот и да се решат материјално - финансиските проблеми, од надлежните органи.

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

Во Основниот суд Кратово од претходната 2011 година имал нерешени вкупно **168** предмети, а во текот на 2012 година примени биле **1543** предмети, така да вкупно предмети во работа биле **1.711**. Од овој број на предмети, во текот на 2012 година решени биле **1.546** предмети, а нерешени останале **165** предмети, кои показатели укажуваат на тоа дека судот го совладал приливот за **3** предмети.

Во однос на **квалитетот на одлучувањето** забележан е пад на квалитетот на одлуките особено во кривичниот и прекршочниот оддел, за разлика од граѓанскиот оддел кој бележи подобри резултати. Во **кривичниот оддел** од вкупно решени 109 предмети на ниво на суд, обжалени биле вкупно 29 предмети или 26,6%, од кои потврдени се вкупно 15 предмети или 51,7%, укинати се 10 предмети или 34,5% и преиначени се 4 предмета или 13,8%. Во **прекршочниот оддел** од вкупно решени 288 предмети на ниво на суд, обжалени биле вкупно 23 предмети или 8 %, од кои потврдени се вкупно 12 предмети или 52 %, укинати се 10 предмети или 43,4 % и преиначен е 1 предмет или 4,3 %. Од **граѓанскиот оддел – парнични предмети** од вкупно решени 151 предмет во овој оддел, обжалени биле 71 предмет или 47%, од кои потврдени биле вкупно 52 предмети или 73 %, укинати се 16 предмети или 22,5 % и преиначени се 2 предмети или 2,8 %. Еден предмет бил делумно преиначен, односно 1,4 %.

Во Основниот суд Кратово во текот на 2012 година посебно внимание било посветено на решавањето на стари предмети, така да до крајот на анализираната година останале незавршени 2 граѓански предмети од 2010 година, еден кривичен предмет од 2010 година и пет оставински предмети од 2010 година, кои биле предадени во работа кај нотар.

Во извештајната година судот ја извршувал својата функција и работење со 4 судии вклучително и Претседателот на судот, а според Одлуката предвидени се 5 судии. Еден судија со Одлука на Судскиот совет на РМ е делегиран за судија во Основниот суд Скопје II Скопје, а од месец октомври 2012 година му престанала функцијата на уште еден судија поради исполнување на услови за пензионирање, така да до крајот на годината судот работел со 3 судии. Треба да се настојува да се подобрат финансиските услови за работа на судот, како би се

надминала затекнатата состојба со неисполнети обврски кон давателите на услуги за потребите на судот.

Со оглед дека приливот на спорни предмети е значително намален во овој суд, може да се заклучи дека секој судија има доволно време да одговори на објективно очекуваниот квантитет во завршувањето на предметите и со тоа да се постигне уште повисок процент на совладување на приливот и исполнување на ориентационата норма. Претходното упатува и на можноста да се посвети повеќе внимание при проучување на предметите, со што ќе се постигне подобар квалитет во работењето на судиите, кој актуелно е на задоволително ниво.

## ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

**Основниот суд Крива Паланка** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во текот на извештајната година во Основниот суд Крива Паланка биле вкупно во работа **4.894** предмети од кои **741** останати нерешени предмети од претходната година и **4.153** предмети новопримени во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа во текот на годината биле решени **4.151** предмети од сите видови, односно останале нерешени **743** предмети.

Во однос на **квалитетот и ангажираноста** на судиите во Основниот суд Крива Паланка, може да се констатира дека во во граѓанскиот оддел значително е намален бројот на потврдени, а зголемен на укинати одлуки додека во кривичниот оддел е зголемен бројот на потврдени и намален бројот на укинати предмети

Квалитетот на пресудувањето во **граѓанските предмети (парнични)** е: 26 % укинати, 64,2 % потврдени и преиначени одлуки 5,6 %. Се работи за даден процент према бројот на обжалените одлуки. Кај **кривичните предмети (полнолетни)** процентот на укинати предмети е 28,7%, потврдени одлуки 60,5% и преиначени предмети 5 %. Квалитетот на пресудување во **прекршочните предмети** е 15,1% укинати предмети, 65,7% потврдени предмети и преиначени предмети 19%.

Во однос на **старите предмети,** бројот на нерешени стари предмети во извештајната година е сведен на занемарлив број, односно во работа во извештајната 2012 година се само 5 предмети од кои 2 кривични полнолетни и 3 вонпарнични предмети.

Во извештајната година во судот вкупно се решени **4.151** предмет, споредбено со претходната година се решени помалку **350** предмети. Според вкупниот број на нерешени предмети од **743** по сите видови, месечен просек од **395** решени предмети, нерешени предмети на крајот на 2012 година можат да се решат за **1,8 месеци**. Од вкупниот број од **743** нерешени предмети се одземат нерешените **440** предмети на нотарите, нерешениот вкупен број на предмети во судот изнесува **303** предмети, па вкупниот број на нерешени **303** предмети и месечниот просек во решавањето од **344** предмети може да се заклучи дека нерешените предмети на крајот од извештајната година можат да се решат за околу **1 месец**. Предното упатува дека Основниот суд Крива

Паланка и покрај дефицитарноста во судискиот персонал, непотполниот административно технички капацитет со својата посветеност, ефикасност и ажурност го задржува статусот на **апсолутно ажурен и ефикасен суд**, кое својство го има повеќе години, а што треба да биде стремеж и во иднина.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

**Основниот суд Куманово** спаѓа во првостепените судови со **проширена надлежност.**

Во текот на 2012 година судот во работа има вкупно **41.850** предмети и тоа: **14.012** незавршени од претходните години и **27.838** ново примени. Споредено со 2011 година кога вкупниот обем на работа изнесувал 68.577 предмети, во 2012 година тој обем е намален за **26.727** предмети или **38,97%.** Ново примени предмети во 2012 година биле **27.838** предмети по сите основи. Споредено со 2011 година кога биле примени **31.160** предмети, во 2012 година тој број е намален за **3.322** предмети или за **10,66%**. Во 2012 година вкупно биле решени по сите основи **29.253** предмети, што преставува споредено со претходната 2012 година кога биле решени **54.243** предмети, решени се помалку **24.990** предмети или за **46,07%**. Во 2012 година во судот останале нерешени по сите основи **12.597** предмети. Споредено со претходната година заостатокот намален за **1.737** предмети или за **12,18%**. Основниот суд Куманово во 2012 година го совладал приливот на новите предмети по сите основи, решил вкупно **29.253** предмети и крајот на годината ја завршил со**12.257** нерешени предмети.

Во однос на **квалитетот на решавање на предметите** состојбата е следна:

Во 2012 година биле обжалени **512 кривични предмети** од кои: 272 предмети биле потврдени или 53,12%, 175 предмети укинати или 34,17% и 65 предмети преиначени или 12,69%. Кај прекршочните предмети од вкупно завршените 4.102 предмети, обжалени биле 455 предмети од кои: потврдени 310 предмети или 68,13%, укинати 60 предмети или 13,18% и преиначени 67 предмети или 14,72%. Квалитетот на пресудувањето во граѓанските писарници во Основниот суд во Куманово покажуваат дека од вкупно решените 945 предмети 388 предмети биле обжалени, а од тие 238 биле потврдени или 61,34%, 96 предмети биле укинати или 24,74% и 54 предмети биле преиначени или 13,91%. Од прикажаните податоци произлегува дека во 2012 година квалитетот е солиден, поголем е процентот на потврдените пресуди сопоредено со бројот на укинатите предмети.

Во извештајната година Основниот суд во Куманово го совладал приливот на нови предмети по сите основи. Вкупно биле решени 29.253 предмети или 1.415 предмети повеќе од приливот кој изнесувал 27.838 предмети.

Од извештајот на судот се констатира дека во 2012 година работел ажурно, а според податокот на нерешените предмети кои останале од 12.597 предмети, со бројот на судии кои што постапувале во

2012 година 38, **заостатокот на предмети може да биде совладан за околу 4 месеци, што овој суд го сврствува во судови кои се ажурни и ефикасни.**

Во 2012 година посебно треба да се обрати внимание на подобрување на материјално финансиските услови на судот, да се подобрат просторните и техничките услови на судиите и останатиот административен персонал на судот, како би се овозможило навремено, ажурно и ефикасно извршување на судиската функција на суиите.

Во предметното работење на судиите потребно е да се вложат поголеми напори за поединечно усовршување и зголемување на квантитетот и квалитетот на работењето како во кривичниот така и во граѓанскиот оддел.

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

**Основниот суд Неготино** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Основниот суд во Неготино, извештајната година ја започнал со **3.763** нерешени предмети по сите видови од претходната 2011 година, вкупно имало **6.180** новопримени предмети, што значи вкупно во работа имало **9.943** предмети. Од вкупниот број на предмети во работа по сите основи биле решени **7.719**, а нерешени останале **2.224** предмети. Овие податоци укажуваат дека приливот е совладан, а заостатокот на предмети е намален за **1.530** предмети.

Според бројот на потврдени предмети кои што биле обжалени во 2012 година, **квалитетот на  работењето на судиите** кои постапувале по предметите во кривичниот оддел, во просек изнесувал 52,40%, во прекршочниот отсек 47,10% и во граѓанскиот оддел 78,06%. Од изнесените податоци, произлегува дека квалитетот според потврдените предмети во граѓанскиот оддел бил добар, а во кривичниот оддел и во прекршочниот отсек незадоволителен.

Во Основниот суд во Неготино, вкупниот број на **стари нерешени предмети** во 2012 година е **32 предмети**. По видови, состојбата со стари предмет е следна: кривични - 2 предмети, прекршоци - 13 предмети, и граѓански – 17 предмети.

Според изложените податоци во рефератот, може да се заклучи дека Основниот суд во Неготино, работењето во 2012 година го завршил како ефикасен суд. За подобрување на состојбите во судот и зголемување на ефикасноста потребно е во најкус можен рок да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал. Потребно е вработување на советници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за непречено работење.

По однос на постигнатиот квалитет во просек по оддели, може да се заклучи дека судот покажал незадоволителни резултати во кривичниот и прекршочниот оддел. Потребно е да се преземат максимални напори за подобрување на квалитетот на работењето. За таа цел неопходно е да се изготви програма за работа со која ќе се

предвидат мерки и активности за ангажирање на судиите во судот во програми за едукација.

Во наредниот период најмногу внимание и итни мерки треба да се преземаат за подобрување на квалитетот на работењето на судиите и пополнување на упразнетите места со неопходен кадар.

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

**Основниот суд Гостивар** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во текот на 2012 година во Основниот суд Гостивар во работа имало вкупно **37.467** предмети, од кои **9.600** предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а новопримени во текот на 2012 година биле **27.867** предмети. Во текот на извештајната година решени се вкупно **26.626** предмети, а останале нерешени **9.156** предмети. Од овие показатели може да се заклучи дека Основниот суд во Гостивар во извештајната 2012 година целосно го совладувал приливот на новодојдените предмети, а во исто време успеал да го намали бројот на нерешените предмети од претходната година за вкупно **444** предмети. Во текот на извештајната 2012 година се бележи нагорна линија по број на решените предмети во сите оддели. Исто така, потребно е да се истакне дека во извештајната година посебно внимание било посветувано на старите нерешени предмети кои вкупно биле **649** предмети од кои во значителен дел се решени со ангажирањето на судиите и вработените во судот.

**Квалитетот во работењето** е подобрен. Во однос на состојбата по оддели и видови на предмети се потенцира дека во **кривичниот оддел-истраги** се задржува трендот на прием на сложени предмети, поради што и во поголем дел од овие предмети е определена мерката притвор, кај **истражните дејствија** судот го совладувал приливот и успеал да го намали заостатокот на нерешени предмети. Во **кривичниот оддел-полнолетни**, и покрај ангажирањето на судиите, не е совладан приливот на предмети што е резултат на се посложените предмети во кој била определена мерката притвор. И во текот на оваа извештајна година, судиите кои постапуваат во кривичниот оддел потребно е да го подобрат квалитетот на работењето по предметите. Во **кривичниот оддел-малолетнички предмети** совладан е приливот и намален е заостатокот на нерешени малолетнички предмети. Се укажува на кратките рокови на застареност на **прекршочните предмети** со цел да се вложат дополнителни напори за намалување на бројот на нерешените предмети кај овие предмети. Во овој оддел совладан е приливот и намален заостатокот на нерешени предмети. Совладан е приливот на новодојдените предмети кај **граѓанските парници** и се покажува благо намалување на заостатокот. Во однос на постапувањето по предметите од граѓанскиот оддел посебно **стопанските парници, стечај и ликвидации** и важноста на овој вид на предмети, како и изразеното вниманието на општествената јавност кон овој вид на предмети, потребни се нови кадровски пополнувања или во рамките на

постојните кадри да се обезбеди подобрување на состојбата со овие предмети за наредната година. Кај **вонпроцесните и оставински предмети** судот не го совладал приливот на нови предмети, а зголемен е и заостатокот поради што се истакнува потребата од зголемена ефикасност во постапувањето.

Во 2012 година Основниот суд Гостивар е ажурен суд и во текот на годината судот успеал да го реши приливот на новодојдени предмети, а се правени напори за совладување на заостатокот на нерешените предмети од претходната година. Судиите, судските работници и останатите вработени во судот се ангажирале за постигнување на ажурност и ефикасност и подобрување на квалитетот на пресудувањето и решавањето на старите предмети. Во нумеричките показатели искажани во табелите, а кои што се составен дел на извештајот покажуваат дека судиите во одделни материи решавале приближно до ориентационата норма, а во оделен вид на предмети решавале и значително над ориентационите норми.

Во текот на оваа извештајна година повторно се ненадминати некои состојби согледани во претходните извештајни периоди, а кои влијаат и врз ефикасноста и ажурноста на судот. Па и во текот на овој извештаен период се укажува на непотполнети работни судиски места кои биле предвидени со бројот кој го определил Судскиот совет на Република Македонија, а исто така се укажува и на непотполнети работни места во администрацијата. Во претстојниот период потребно е навреме да се плаќаат долговите на судот, односно потребно е обезбедување на финансиски средства за редовно работење на судот и за навремена исплата на сите неизмирени обврски кои се однесуваат на заостанатите долгови прикажани во извештајот, а кои директно се поврзани со вршење на судиската функција.

## ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

**Основниот суд Дебар** како првостепен суд со **основна надлежност** во 2012 година имал вкупно во работа **5.396** предмети од кои **824** незавршени предмети од претходните години и **4.572** новопримени предмети, во кои спаѓаат и **474** предмети од административна природа. Од овој број на предмети завршени биле **4.831**, а останале незавршени **565** предмети. Споредено со незавршените во 2011 година, оваа година приливот на нови предмети бил совладан, а заостатокот на незавршени предмети бил намален за **25**9 предмети. Во извештајната година совладан е приливот на парничните, вонпарничните и извршните предмети, додека пак дека истиот не е совладан кај кривичните предмети за полнолетни лица и кај истрагите иако е совладан вкупниот број на кривичните предмети е совладан.

Во однос на вреднувањето на **квалитетот и констатациите за ангажираноста на судиите**, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** во 2011 година останале незавршени 321 предмети. Во текот на извештајната 2012 година се примени 1824 нови предмети. Од вкупниот број на 2145 предмети во работа, решени се 1945 предмети, а останале незавршени 200 предмети. Овие податоци покажуваат дека приливот е совладан и заостатокот е намален за 121 предмет. Намален е заостатокот на **парнични предмети** (имотни спорови, семејни и работни спорови и платни налози по приговор) за 13. Во 2012 година заостатокот кај **споровите од мала вредност** е намален за 34 предмети. Намален заостаток за  70 предмети се бележи и кај **платните налози.**  Заостатокот на **вонпарнични и оставински предмети** е совладан односно намален и изнесува **7.** Основниот суд Дебар 2012  година ја започнал со 135 незавршени **извршни предмети**, кои во текот на извештајната година се завршени. Целосно совладан е приливот и кај **ППНИ** предметите.

Во однос на **квалитетот на одлучување**, од вкупно завршени 367 **парнични предмети** во 2012 година обжалени се **94**. Одлучено е по жалба за **112** предмети и од нив: потврдени се **69**, укинати **35**, потврдени-укинати **2** и преиначени **6.** Поголемиот број на одлучени предмети по жалба од бројот на обжалени предмети во извештајната година укажува дека во нив се опфатени и обжалени предмети пред извештајната година. Од вкупно 1578 завршени  **оставински и други вонпарнични предмети**, во извештајната 2012 година не е обжален ниту еден предмет.

Во **кривичниот оддел, истраги,**  заостатокот е зголемен за 3 предмети, целосно совладан е приливот кај истражните дејствија, а заостатокот е зголемен за 2 предмети кај кривичните предмети против полнолетни лица. Кај предметите за извршување на кривични санкции зголемен езаостатокот за 2 предмета, а кај прекршочните предмети совладан е заостатокот за 21 предмет. Кај преметите за извршување на прекршочни санкции  зголемен е заостатокот за 3 предмети

Во однос на **квалитетот на одлучување, о**д вкупно 95 завршени кривични предмети, обжалени се 8 и од нив 5 се потврдени. Од вкупно завршените 1024 прекршочни предмети, обжалени се 47 и од нив 6 се потврдени додека 4 се укинати.

На крајот на 2012 година останале нерешени 46 предмети од кои 35 оставински предмети и 11 граѓански предмети.

Од искажаните податоци за работењето на Основниот суд Дебар во извештајната 2012 година, може да се констатира дека овој суд го совладал приливот на нови предмети а заостатокот од 824 незавршени предмети од 2011 година го намалил за 259 предмети.

Совладан е приливот на парничните, вонпарничните и извршните предмети, додека истиот не е совладан кај кривичните предмети за полнолетни лица, истрагите и прекршоците, но таа бројка е минимална. Потребно е да се одржи истата динамика на работење, а по можност да се зголеми ангажираност на судиите во однос на нерешените предмети.

Како заклучно согледување се искажува оценка за Основниот суд Дебар како **ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада во  релативно краток период.

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

**Основниот суд Кичево** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во текот на извештајната 2012 година во Основниот суд во Кичево вкупно во работа биле **13.335** предмети, од кои нерешени предмети на почетокот на годината биле вкупно **1.310** предмети, новопримени во текот на извештајната година биле примени **12.025** предмети, од нив решени се вкупно **12.150** предмети, а нерешени на крајот од годината останале **1.185** предмети. Врз основа на овие податоци произлегува дека Основниот суд во Кичево во извештајната година го совладал тековниот прилив и успеал да го намали заостатокот на предметите од претходната година за вкупно 67 предмети.

Во однос на констатациите за **ангажираноста и квалитетот на постапувањето во одделите** во Основниот суд Кичево, состојбата е следна:

Во извештајната година во **одделот за истражните предмети** совладан е во целост приливот на нови предмети, а намален е заостатокот. Кај предметите заведени како **истражни дејствија** совладан е приливот, но зголемен е заостатокот само за 1 предмет. Кај **кривичните предмети против полнолетни лица и прекршочните предмети** судот го совладал во целост приливот и го намалил заостатокот на предметите. Сепак, кај прекршочните предмети се укажува на потребата од дополнително ангажирање на судот со цел да се спречи застарувањето на прекршочните предмети. Кај предметите за **извршување на кривични санкции** судот не го совладал приливот и се покажува зголемување на заостатокот поради што останува обврската на менаџерскиот тим на судот да обрне особено внимание за подобрување на ваквата состојба, бидејќи овие предмети се крајна фаза на една претходно спроведена постапка.

Во **граѓанскиот оддел** во тековната 2012 година судот во целост го совладал приливот на предметите, а успеал и да го намали и заостатокот од претходната година. Кај вонпарничните предмети не е совладан приливот и се покажува зголемување на заостатокот на предметите.

Во 2012 година **во кривичниот оддел** судот посебно внимание му посветил на подобрување на **квалитетот на работата на судот**. Па така, од вкупно решените предмети 430 предмети биле обжалени, но во тековната година биле вратени од второстепениот суд 124 предмети, од кои потврдени 73 предмети или 58,87%, укинати 39 предмети или 31,45%, делумно укинати 3 предмети или 2,41% и преправени 9 предмети или 7,25%. Овие податоци се во однос на пресметување на просекот врз основа на обжалените предмети. Меѓутоа, соодносот на укинатите и преиначените предмети, ако истиот се следи во соодност на вкупно решени 430 предмети, укинати се 39 предмети или 9,06%, а преиначени 9 предмети или 2,09%. Што се однесува исто така до квалитетот на прекршочните предмети од вкупно решените 2.172 предмети, обжалени – вратени од второстепениот суд 126 предмети или

5,80% од кои потврдени 44 предмети или 34,92%, укинати 41 предмет или 32,53%, преиначени 40 предмети или 31,74%, а делумно укинати 1 предмет или 0,79%. И во овој дел соодност на укинати и преиначени предмети во однос на вкупно решените предмети е од вкупно решените прекршочни предмети 1.172 укинати се само 41 предмет или 1,78%, а преиначени 40 предмети или 1,84%.

Што се однесува до **квалитетот на работењето во граѓанскиот оддел** од вкупно решените 928 предмети, обжалени вратени од второстепениот суд биле 390 предмети или 41,12%, потврдени 270 предмети или 69,23%, укинати 90 предмети или 23,07% и 28 предмети биле преиначени или 7,17%, делумно укинати 2 предмти или 0,51%. Меѓутоа, соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените е да од вкупно решените 928 прдмети укинати биле само 90 предмети или 9,69%, а преиначени се 28 предмети или 3,01%.

Во текот на извештајната 2012 година Основниот суд во Кичево посебно внимание посветувал на решавањето на **стари нерешени предмети.** о кривичниот оддел имал само 4 предмети, кои можат да се наречат стари предмети, а во граѓанскиот оддел 11 предмети, од кои 2 стари нерешени предмети што значи дека спрема овој критериум судот е апсолутно посветен на овој вид на предмети.

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд во Кичево во извештајната година посветувал посебно внимание да го совладува приливот на предметите во граѓанскиот и кривичниот оддел, а посебно повторно покажувал напори за совладување и за решавање на старите предмети. Од постигнатите резултати и во текот на извештајната 2012 година судот е **ефикасен и ажурен суд**, меѓутоа, и во оваа година останувaат нерешени следните проблеми:

И во текот на извештајната 2012 година повторно е нерешен проблемот со административни работници, па така од вкупно административен персонал кој е предвиден по систематизацијата за работни места со 151 извршител, потполнети само 49. И во оваа извештајна година треба да се истакне дека поголем број од вработните места не се потполнети, а посебно стручните работни места како советници, виш стручен соработник, приправник. Исто така и административниот персонал кој има статус на судски службеници, сите работни места според систематизацијата не се потполнети има недостаток на дактилографи, архивар, самостоен судски референт и судски референт извршители и други административно технички службеници кои што се главна претпоставка за да може судот нормално и секојдневно да работи. Истовременото за одбележување е дека судот и во оваа година се соочува со финансиски тешкотии, па така долгот од претходната 2011 година кој изнесуваше 3.598.726,00 денари во тековната 2012 година се зголемил и изнесува 4.551.948,00 денари, што директно се одразува врз работата на судот. За одбележување е и дека компјутерската опрема во судот е застарена, заради што често пати доаѓало до блокирање на програмата во текот на судењето.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

**Основниот суд Тетово** е суд со **проширена надлежност** и еден од најголемите судови во Република Македонија.

Во Основниот суд Тетово од сите области од неговата надлежност, на крајот на 2011 година останале нерешени **8.970** предмети. Новопримени се **25.133** предмети во текот на 2012 година. Вкупно во работа во текот на 2012 година биле **34.103** предмети. Вкупно решени се **27.728** предмети. На крајот на извештајната година како нерешени останале **6.375** предмети.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел**, примени се вкупно **12.340** нови предмети, а решени се вкупно **12.591** предмети од што може да се констатира дека е совладан годишниот прилив на предмети, а исто така, намален е вкупниот број на нерешени предмети од **1.995** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **1.744** предмети на крајот на извештајниот период. Граѓанскиот оддел го има совладано годишниот прилив по сите видови предмети освен во делот на споровите од мала вредност, трговските спорови од мала вредност, оставинските и вонпроцесните предмети каде е и зголемен бројот на нерешени предмети.

**Во кривичниот оддел,** примени се вкупно **12.793** нови предмети, а решени се вкупно **15.137** предмети од што може да се констатира дека е совладан годишниот прилив на предмети, а исто така, намален е вкупниот број на нерешени предмети од **6.975** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **4.631** предмети на крајот на извештајниот период. Кривичниот оддел го има совладано годишниот прилив во однос на решавањето на кривични предмети спрема малолетни лица и кај прекршочните предмети. Кај кривичните предмети спрема полнолетни лица, истрагите, извршување на парични и казни затвор, и истражните дејствија одделот го нема совладано приливот, а го има зголемено и бројот на нерешени предмети. Кај извршувањето на санкциите не е совладан годишниот прилив на предмети.

По однос на **квалитетот на постапувањето во овие оддели**, состојбата е следна:

Во текот на 2012 година второстепениот суд по жалба постапувал по **564** процесни предмети. Од нив, **446** предмети или **79%** се потврдени, **97** предмети или **17%** биле укинати, а **20** предмети или **4%** се преиначени додека **1** обжален предмет во дел е потврдени во дел укинат. Во текот на 2012 година второстепениот суд по жалба постапувал по **63** стопански предмети. Од нив, **44** предмети или **70%** се потврдени, **11** предмети или **17%** биле укинати, а **8** предмети или **13%** се преиначени.

Во решавањето на кривичните предмети спрема полнолетни сторители на кривични дела, во текот на 2012 година, второстепениот суд по жалба постапувал по **231** предмети. Од нив, **151** предмети или

**65%** се потврдени, **43** предмети или **19%** биле укинати, **32** предмети или 1**4%** се преиначени додека **5** предмети или **2%** во дел се потврдени во дел укинати. Од вкупно решените малолетнички предмети, обжалени се **4** предмети од кои второстепениот суд **2** предмети потврдил, а **2** предмети преиначил.Во текот на 2012 година второстепениот суд постапувал по **1.022** обжалени прекршочни предмети. Од нив, **366** предмети или **36%** се потврдени, **173** предмети или **17%** биле укинати, **483** предмети или **47%** се преиначени.Од изнесеното може да се констатира дека во кривичниот оддел е покажан послаб квалитет на решавање на предметите имајќи го предвид високиот процент на укинати и преиначени пресуди, а во делот на извршувањето на санкциите состојбата е уште позагрижувачка бидејќи од сите предмети извршени се само **28,24%** од предметите и тоа **16,41%** парични казни и **52,16%** казни затвор.

Во однос на податоците за **состојбата со старите предмети,** на крајот на извештајната година останале стари нерешени вкупно **96** предмети од кои: 1 предмет од 2001 година, 1 предмет од 2006 година, 3 предмети од 2008 година, 12 предмети од 2009 година и 79 предмети од 2010 година.

Основниот суд во Тетово, во текот на извештајната година според постигнатите резултати го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд со оглед дека примени се вкупно **25.133** нови предмети, решени се вкупно **27.728** предмети, а намален е вкупниот број на нерешени предмети од **8.970** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **6.375** предмети на крајот на извештајниот период, односно **2.595** предмети.

Гледано по оддели, граѓанскиот оддел на ниво на оддел го има совладано годишниот прилив иако кај одделни видови предмети не е совладан приливот и тоа кај споровите од мала вредност и трговските спорови од мала вредност. Се забележува дека во оставинските и вонпроцесните предмети не е совладан годишниот прилив на предмети, но тоа е резултат на нерешените **848** оставински предмети кои останале нерешени кај нотарите, а како број на нерешени предмети се водат на судот.

На ниво на оддел, кривичниот оддел исто така го има совладано приливот на предмети, меѓутоа според поодделните податоци, приливот е совладан само во решавањето на малолетничките и прекршочните предмети, а во делот на истрагите, предметите за превземање на определени истражни дејствија, кривичните предмети против полнолетни сторители на кривични дела и извршувањето на кривичните санкции, приливот не е совладан.

Имајќи предвид дека во текот на извештајната година вкупно се решени **27.728** предмети, како и вкупниот број на останати нерешени **6.375** предмети, според бројот на решените предмети во текот на извештајната година, останатите нерешени предмети можат да се решат **за период од 2,4 месеци односно до 3 месеци**, поради што Основниот суд Тетово може да се смета за **апсолутно ефикасен суд.**

Во текот на 2013 година потребно е да се пополнат непополнетите работни места и реши просторниот проблем на судот за да може да се

зголеми ефикасноста на работењето на судиите, а судиите да го подобрат квалитетот во решавањето на предметите.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

**Основниот суд Битола** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во текот на 2012 година, Основниот суд Битола по сите видови вкупно во работа имал **21.529** предмети, од кои примени во текот на годината **15.935** предмети и пренесени како нерешени од претходната година **5.594** предмети, од кои биле решени **17.022**, а нерешени останале **4.507** предмети. Во овој број на предмети влегуваат и предметите означени како - Административна работа на судот и тоа **808** предмети, од кои **796** предмети се примени во текот на годината, а **12** предмети се остаток од претходната година, од кои останале нерешени **11**предмети.

Од ова произлегува дека судот во 2012 година го совладал приливот на ново примени предмети од **15.935**, а го намалил и заостатокот на нерешени предмети од претходната година за **1.087** предмети.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во текот на 2012 година по сите основи **во кривичниот оддел** го совладал приливот на ново примени предмети и решил и 481 предмет од заостатокот од претходната година. Приливот не е совладан само во предметите означени како ОИД Истражни дејства, потоа во предметите означени како - Кривичен совет - Претседател и кај Прекршочните предмети.

Во текот на 2012 година по сите основи во **граѓанскиот оддел** судот го совладал приливот на ново примени предмети и решил и 605 предмет од заостатокот од претходната година. Приливот не е совладан кај Семејните спорови, кај Стечаите, кај предметите означени како Разни граѓански предмети - Р , кај предметите за Физичка делба и кај останатите ВПП.

Во однос на **квалитетот на решавање на предметите**, состојбата е следна:

Во 2012 година во постапка по жалба Апелациониот суд Битола, одлучувал вкупно по 2.391 предмет, од кои потврдени биле 1.546 предмети или 64,66%, укинати биле 532 предмети или 22,25%, преиначени 245 предмети или 10,25%, делумно укинати биле 52 предмети или 2,17 %, а во 16 предмети или 0,67 % жалбите биле отфрлени.

**Во кривичниот оддел,** просекот на потврдени предмети изнесува 68,94%, на укинати 23,55%, на преиначени 5,80 % и делумно укинати 1,71%. Во **прекршочниот отсек**, просекот на потврдени предмети изнесува 59,76%, на укинати 27,64%, на преиначени 10,57% и на отфрлени жалби 2,03%. Во **граѓанскиот оддел**, на предмети со ознака

**П**, просекот на потврдени предмети изнесува 61,22%, на укинати 23,62%, на преиначени 11,42%, на делумно укинати 3,54% и на отфрлени жалби 0,20%. На предмети со ознака **МАЛВ-П и МАЛВ-ТС**, просекот на потврдени предмети изнесува 69,23%, на укинати 18,99%, на преиначени 9,62%, на делумно укинати 1,92% и на отфрлени жалби 0,24%. На предмети со ознака **ТС**, просекот на потврдени предмети изнесува 70,29%, на укинати 22,46%, на преиначени 4,35% и на делумно укинати 2,90%. На предмети со ознака **РО**, просекот на потврдени предмети изнесува 56,52%, на укинати 24,15%, на преиначени 14,49%, делумно укинати 3,86% и на отфрлени жалби 0,97%.

Во 2012 година судот обрнал посебно внимание на решавањето на **старите нерешени предмети** и како резултат на тоа постигнал добри резултати, затоа што годината ја започнал со 235 стари предмети, а ја завршил со 137.

Со оглед на прикажаните резултати за овој извештаен период, следи оценка дека судот во текот на 2012 година покажал **висок степен на ефикасност и ажурност**, иако во текот на целата година работел со двајца судии помалку.

Во наредниот период судот ќе треба да обрне посебно внимание на побрзо решавање на преостанатите стари нерешени предмети и да се направат напори за подобрување на квалитетот на работењето, односно зголемување на процентот на потврдени предмети. Освен тоа потребно е и кадровски да се доекипира со пополнување на испразнетите работни места од сите профили, конкретно наведени во Извештајот.

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

**Основниот суд Крушево** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во судот од претходната година незавршени останале **466** предмети, од кои во текот на извештајната година новопримени се **1.866** или вкупно во работа во текот на годината биле **2.332** предмети. Од овие предмети решени се **1.958** предмети, останале нерешени **374** предмети. Имајќи ги предвид горните показатели, се доаѓа до констатација дека судот го намалил заостатокот на нерешени предмети од претходната година за **92** предмети или кога би се исклучил заостатокот на нерешени **98** оставински предмети, кои се доверени на нотар, остануваат како стварно нерешени предмети од судот **276**. Ова значи дека судот го совладал приливот и намален е остатокот на нерешени предмети.

Бидејќи заостатокот може да го реши за период од 1 месец судот се вбројува во **ажурните и ефикасни судови**.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** во 2012 година, биле примени вкупно 1.091 предмети, а со остатокот од 352 предмети од 2011 година, вкупно во работа биле 1.443 предмети. Од нив решени се 1.190 предмети, а

останале нерешени 253 предмети.  Најголем број нерешени предмети се 148 предмети од извршно прекршочна природа

Во **граѓанскиот оддел** во 2012 година, биле примени 504 предмети, а со остатокот од 114 предмети од 2011 година, вкупно во работа биле 618 предмети. Решени се 497 предмети, а останале нерешени 121 предмети, така што најмногу нерешени останале 98 оставински предмети, кој се доверени на нотар.

Во однос на **квалитетот во пресудувањето**, според бројот на предметите, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел**, кривични предмети за полнолетни сторители, во жалбена постапка од вкупно решените 48 предмети, 13 предмети биле по жалба, од кои 8 потврдени или 61%, 3 укинати или 23%, 1 предмет е преправен или 8 % и 1 делумно укинат или 8 %.

Во **прекршочниот оддел** од вкупно решените 322 предмети биле обжалени 53 предмети, решени по жалба биле 51 одлуки, од кои потврдени биле 40 предмети или 78%, укинати 8 или 16% и преправени 3 или 6 % предмети. Кај прекршочните предмети има зголемување на квалитетот во работењето на прекршочните предмети и тоа кај потврдените за повеќе од 20% и намалување на укинатите предмети за 18%, а преправените се само по однос на одлуката за казна.

Во **граѓанскиот оддел** од решените 145 спорни граѓански предмети по жалба биле 35 предмети. Одлука е донесена од второстепениот суд во 44 предмети, од кои 35 предмети се потврдени или 79%, 6 предмети се укинати или 14%, делумно укинати се 3 предмети или 7%. Кога би се направила споредба со квалитетот на работењето на овие предмети со претходната година, има зголемување на квалитетот по сите основи, што значи квалитетот на работењето во граѓанското одделение е многу добар.

Што се однесува до **старите нерешени предмети** се констатира дека во **кривичниот оддел** за полнолетни лица има само 1 стар предмет од 2011 година, во **прекршочниот оддел** нема стари нерешени предмети, ниту пак има застарени предмети, и во **граѓанскиот оддел** од нерешените предмети стари се 2 предмети.

Во извештајната година судот иако персонално целосно не бил екипиран, како и во однос на судскиот кадар, истиот работел ангажирано и ефикасно што се гледа од фактот што целосно е совладан приливот и намален е остатокот на нерешените предмети, а квалитетот споредено со претходната извештајна година е подобар. Во тековната година вкупно во работа биле 2332 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 374 предмети, па основано може да се очекува дека овој суд и понатаму ќе ја подобрува својата ефикасност и ажурност, бидејќи **заостатокот може да го реши за период од 1 месец**, бидејќи поголемиот дел нерешени предмети се извршни и прекршочни парични санкции – 220 предмети. Со ваквото работење судот се вбројува во **ажурните и ефикасни судови**.

Судот во наредниот период треба да обрне внимание на квалитетот на работењето, така да секој судија вложи повеќе напори за зголемување на процентот на потврдени предмети.

Во судот во наредниот период треба да се решат кадровските проблеми со пополнување на испразнетите работни места дадени конкретно во извештајот.

## ОСНОВЕН СУД ОХРИД

**Основниот суд Охрид** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во Основниот суд Охрид во претходната 2011 година нерешени останале **5.455** предмети. Новопримени предмети во работа во текот на 2012 година биле **13.598** предмети, што значи вкупно во работа судот имал **19.041** предмети. Решени во текот на 2012 година биле **13.199** предмети, а нерешени останале **5.842** предмети. Погрешно заведени предмети се **12**.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитет на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел,** судот го совладал приливот кај кривичните полнолетни-проширена надлежност предмети, кривични малолетни и кај прекршочните предмети. Судот не го совладал приливот кај истрагите, и истраѓните дејствија.

Во **граѓанскиот оддел**, кај процесните предмети, спорови од мала вредност, имотни спорови-проширена надлежност и ППНИ предмети приливот не е совладан. Приливот е совладан кај семејните спорови, трговските спорови, работните спорови, платните налози по приговор, стечајните предмети, вонпроцесните и оставински предмети

Во однос на **квалитетот на работата на судиите** како целина, резултатите се задоволителни, а за постигнување на подобри резлутати потребно е да се обрне внимание на квалитетот на решавањето на предметите, за што битен фактор е изедначувањето на судската пракса.

Во судот има вкупно 533 **стари нерешени предмети** заклучно со 2010 година.

Основниот суд Охрид спаѓа во помалите судови во Република Македонија во кој не е можно да се изврши стрикна специјализација на судиите по области. Ако се има предвид дека на почетокот на годината на ниво на суд вкупно нерешени предмети биле 5.455, а на крајот на годината останале нерешени 5.842 предмети, Основниот суд Охрид во текот на 2012 година не го совладал годишниот прилив за 387 предмети. Квалитетот на работењето на судиите во глобала е на потребното ниво.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

**Основниот суд Прилеп** е првостепен суд со **проширена надлежност** и еден од поголемите судови во Република Македонија.

Основниот суд во Прилеп 2012 година ја започна со заостаток од **10.970** предмети, како нерешени предмети од претходната 2011 година. Во текот на 2012 година, во Судот се примени нови **17.668** предмети,

така што вкупно во работа  биле **28.638** предмети, од кои **22.271** предмети се  решени и на крајот на извештајната година како нерешени предмети останале вкупно од сите видови **6.367** предмети, со кои судот ја започнува новата 2013 година.

Споредбените податоци со изминатите  години укажуваат на една тенденција на намалување на заостатокот на предмети во Основен суд Прилеп, што помеѓу другото се должи на зголемената ажурност на судот во решавањето на старите нерешени предмети и совладувањето на приливот на нови предмети.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

**Кривичниот оддел** 2012 година работата ја започнал со остаток од 405 предмети од сите основи, во текот на 2012 година примени се вкупно 4.879 нови предмети, или вкупно во работа одделот брои 5.284 предмети. Во 2012 година вкупно се решени 4.824 предмети,  и на крајот на 2012 година  останале  460  предмети.

**Граѓанскиот оддел** на Основниот суд во Прилеп, 2012 година ја започнал со остаток од 2011 година од 1.900  предмети од сите основи. Во текот на 2012 година, примени се вкупно 6.074 предмети, по сите основи. Вкупно во работа во овој оддел на судот биле 7.973 предмети. Во 2012 година решени се 6.508 предмети а останале нерешени 1.465 предмети. На ваков начин, совладан е приливот на нови  предмети во Судот.

По однос на **квалитетот на решавањето**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** вкупно решени предмети се 688 предмети од кои 108 предмети биле обжалени до Апелациониот суд Битола. Од оваа бројка на обжалени се 9,4%, преправени се  1,4%, укинати се 4,2%, и делумно укинати се 0,5%, или вкупно необжалени и потврдени предмети 645 предмети или 93,7%.

Во **прекршочниот оддел** вкупно решени предмети се 3.328 предмети од кои 135 предмети биле обжалени до Апелациониот суд Битола. Од оваа бројка на обжалени предмети потврдени се 3,2%, преправени се 0,3%, укинати се 0,4%, или вкупно необжалени и потврдени предмети 3.300 предмети или 99,1%.

Во **граѓанскиот оддел** (П,Малв.П,Ро) вкупно решени предмети се 1.722  предмети од кои вкупно вратени предмети по жалба од Апелациониот суд Битола се 606 предмети.Од оваа бројка на обжалени предмети потврдени се 22,9%, преправени се 3,7%, укинати се 6,8%, делумно укинати се 1,6%, или вкупно необжалени и потврдени предмети 1.511 предмети или 87,9%.

Во **трговските предмети** вкупно решени предмети се 310 предмети од кои вкупно вратени предмети по жалба од Апелациониот суд Битола се 90 предмети. Од оваа бројка на обжалени предмети потврдени се 22,5%, преправени се 1,6%, укинати се 4,5%, делумно укинати се  0,3%, или вкупно необжалени и потврдени предмети 290 предмети или 93,5%.

Од севкупноста на работењето на судот и судиите на овој суд, заедно со Претседателот на судот во извештајната година,  се

констатира дека судот работел ангажирано и ефикасно што се заклучува од фактот дека приливот од новопримени предмети од сите видови е совладан и решен, дури и е надминат, така што годината е завршена со нерешени 6.367 предмети а на почетокот на извештајната година затечени се од сите видови предмети вкупно 10.970 предмети.

Ако се има во предвид дека во тековната година судот е целосно екипиран со бројот на судии предвиден според систематизацијата и ако се има во предвид дека **заостатокот на предметите може да се реши со поголемо ангажирање за период многу помал од 6 месеци**, можеме да констатираме дека овој суд според доставениот извештај за 2012 година, може да се сврсти во редот **на ажурни судови**.

Судот, подолго време се соочува со недостиг на финансиски средства за редовно функционирање на судот како и со непополнување на упразнетите места во судот со раководни судски службеници и останати Административно-технички судски службеници.

Претседателот на судот заедно со вработените во судот, максимално се ангажирани да со подобра организација на функционирањето на судот и поред присатните финансиски потешкотии и недоволниот број на вработени во администрација, работата да ја завршат во определените законски рокови и со подобрување на квалитетот и квантитетот на работењето во судот.

Што се однесува до квалитетот на работењето, на Претседателот на судот и судиите на овој суд, од сите прегледи во доставениот извештај, може да се заклучи и да се каже дека квалитетот во целина и поединечно по судии е на завидно ниво, но исто така има простор и за понатамошно подобрување на квалитетот при решавањето на предметите.

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

**Основниот суд Ресен** претставува првостепен суд со **основна надлежност.**

Нерешени од предходната година останале вкупно **472** предмети. Во текот на извештајната година, примени се вкупно **2.252** нови предмети. Вкупниот број на предмети во работа во извештајната година изнесува **2.724** предмети. Вкупно решени во извештајната година се **2.345** предмети. Останале незавршени **379** предмети на крајот на годината.

Во однос на **констатациите за ангажираноста и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел**, совладан е годишниот прилив на предмети и намален е вкупниот број на нерешени предмети. По однос на решавањето на парнични предмети (спорови од мала вредност, трговски спорови од мала вредност, имотни спорови - основна надлежност, семејни спорови, работни спорови, повторување на постапката ППОВ и платни налози по приговор), совладан е годишниот прилив на предмети и значително е намелен вкупниот број на нерешени предмети. Во

решавањето на **вонпарничните предмети** совладан е приливот и намален е вкупниот број на нерешени предмети. Кај **оставинските предмети** по уписник „О1“, совладан е приливот, кај оставинските предмети по уписник „О2“ не е совладан приливот. Споредбено со претходната година кај овие предмети е зголемен бројот на предмети кои како нерешени останале на крајот на годината. По однос на решавањето на оставинските предмети кои се водат кај нотарите, не е совладан приливот на предмети, а воедно зголемен е бројот на предмети кои како нерешени останале на крајот од предходната година.

Во **кривичниот оддел** не е совладан годишниот прилив на предмети и зголемен е вкупниот број на нерешени предмети. Во одделот не е совладан приливот и зголемен е вкупниот број на нерешени предмети кај кривичните предмети против полнолетни лица, истраги, извршување на кривични санкции, и прекршочните предмети. Кај предметите по уписник ОИД и кај предметите за извршување на прекршочни санкции совладан е годишниот прилив на предмети и намален е вкупниот број на нерешени предмети.

По однос на **квалитетот на решавањето**, состојбата е следна:

По однос на квалитетот во решавањето кај **парничните предмети** (спорови од мала вредност, трговски спорови од мала вредност, имотни спорови - основна надлежност, семејни спорови, работни спорови, повторување на постапката ППОВ и платни налози по приговор), од 292 пресуди донесени во парничните предмети 211 се обжалени или 72,26%. Од 197 предмети вратени од жалбена постапка, во 51,27% пресудата е потврдена, во 11,17% пресудата е преправена, а во 35,03% пресудата е укината, во 1,02% одлуката е делумно укината и во 0,51% жалбата е отфрлена (земени се предвид сите предмети вратени од жалбена постапка сметано и предмети кои се испратени предходната година). Пресметано во однос на вкупно решените 415 предмети, процентот на преиначени пресуди изнесува 5,3%, а на укинати пресуди изнесува 16,62%.

По однос на квалитетот во решавање на **вонпарничните предмети**, од решените 59 предмети, обжалени биле 20,33%. Од решените, до крајот на извештајната година потврдени се 3,9% , укинати се 6,78% и делумно е преиначена 1 одлука или 1,69% (земени се предвид сите предмети вратени од жалбена постапка вклучително и предмети кои се испратени предходната година).

По однос на квалитетот, во решавањето на **кривичните предмети против полнолетни лица**, од вкупно решените 70 кривични предмети против полнолетни лица, во 26 предмети пресудите се обжалени или 37,14%. Од обжалените, потврдени или 61,5%, укинати се 26,9% и 1 одлука е делумно укината или 3,85% (земени се предвид сите предмети вратени од жалбена постапка сметано и предмети кои се испратени предходната година). Пресметано во однос на вкупно решените 70 предмети, процентот на укинати пресуди изнесува 10,00%, а процентот на делумно укинати 1,43%.

По однос на квалитетот во решавањето на **прекршочните предмети**, од вкупно решените 470 прекршочни предмети, во текот на извештајниот период, обжалени биле 4,89%. Од обжалените,30,4% се

потврдени, 17,4% се преиначени, 26% се укинати и во 1 или 4,34% предмет жалбата е отфрлена (земени се предвид сите предмети вратени од жалбена постапка сметано и предмети кои се испратени предходната година). Пресметано во однос на вкупно решените предмети 0,85% се преиначени, а 1,28% се укинати.

Состојбата со **стари предмети** во Основниот суд Ресен е следна:

На почетокот на 2012 година имало 22 стари предмети заклучно со 2009 година од граѓанската материја. Таа бројка се зголемила за уште 23 предмети. Вкупно во работа имало 45 стари предмети. Од нив решени се 39 предмети, а нерешени останале **6** стари предмети.

Основниот суд во Ресен, во текот на извештајната 2012 година според постигнатите резултати го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд со оглед дека се примени вкупно **2.252** нови предмети, а решени се вкупно **2.345** предмети. Намален е вкупниот број на нерешени предмети од **472** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **379** предмети на крајот на извештајниот период или на крајот на извештајниот период останале 93 нерешени предмети помалку во однос на бројот на нерешени предмети на крајот на 2011 година.

Гледано по видови предмети, приливот на предмети е совладан кај повеќето видови предмети освен кај истрагите, кривични предмети против полнолетни лица и прекршочните предмети.

Имајќи предвид дека во текот на извештајната година вкупно се решени **2.345** предмети, како и вкупниот број на останати нерешени **379** предмети, според бројот на решените предмети во текот на извештајната година, останатите нерешени предмети можат да се решат **за период 1,7 месеци односно до 3 месеци**, поради што Основниот суд Ресен може да се смета за апсолутно ефикасен суд.

Во наредната година потребно е Основниот суд Ресен да се потруди да го совлада приливот на предмети кај сите видови предмети и да го подобри квалитетот на решавањето на предметите.

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

**Основниот суд Струга** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во Основниот суд во Струга во 2012 година, биле примени во работа 14.662 нови предмети, вкупно во работа имало 18.520 предмети, од нив решени биле 13.663 предмети, а останале нерешени 4.857 предмети.

Во 2012 година споредбено со 2011 година зголемен е приливот на предметите за 498 предмети, бројот на предмети во работа бил помал за 4.067 предмети и бројот на решени предмети е помал за 955 предмети.

Во 2012 година судот не го совладал приливот на предмети за 999 предмети. Несовладувањето на приливот воглавно се должи на енормниот прилив од еднолични 1.567 тужби во спорови од мала вредност во последните два месеци од 2012 година.

Во однос на **констатациите за ангажираноста** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во судот под **парнични предмети** биле опфатени: имотните спорови, семејните спорови, споровите од мала вредност, работните и трговски спорови, при што во 2012 година биле примени 2.997 предмети, а вкупно во работа, заедно со предметите од предходната година, биле 3.618 предмети, од нив решени биле 1.568 предмети, а останале нерешени 2.050 предмети. Судот новопримени **вонпарнични предмети** имал 3.102 , вкупно во работа во 2012 година, заедно со предметите од предходната година  имал 3.512 предмети, од нив решени биле 3.113 предмети, а останале нерешени 399 предмети.  Судот во 2012 година примил 388 **оставински предмети**, а вкупно во работа имал 633 предмети, решени биле 375 предмети, а останале нерешени 258 предмети.  Во судот имало примени и решени предмети ЗАВХ-Апостили вкупно 1.670 предмети, по граѓанските замолници биле примени 59 предмети, вкупно во работа биле 74 предмети, а решени биле 62 предмети, останале нерешени 12 предмети.Во 2012 година примени биле 70 **предмети по приговори против неправилности во извршување**, вкупно вакви предмети биле 74, а решени биле 73 предмети, останал нерешен 1 предмет

Во судот во 2012 година во **кривичниот оддел** вкупно биле примени 6.648 предмети, со заостанатите предмети од претходната година вкупно во работа биле 9.149 предмети, од нив решени биле 7.044 предмети, а останале нерешени 2.105 предмети.

Во однос на **квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Според бројот на потврдени предмети кои што биле обжалени во 2011 година, квалитетот на  работењето на судиите кои постапувале по предметите во кривичниот оддел, во просек изнесувал 71,64 %, во прекршочниот отсек 75,74% и во граѓанскиот оддел 73,50%. Од изнесените податоци, произлегува дека квалитетот според потврдените предмети во сите оддели бил добар.

Во Основниот суд во Струга, вкупниот број на **стари нерешени предмети** во 2012 година е 147 предмети, од кои 50 предмети биле во работа кај нотарите. Во однос на 2011 година, бројот на стари предмети е намален за 21 предмет.

Според изложените податоци во рефератот, може да се заклучи дека Основниот суд во Струга, работењето во 2012 година го **завршил како ефикасен суд.** Особено ефикасен бил во постапувањето по прекршочните, вонпарничните и стечајните предмети, бидејќи заостатокот на овие предмети може да биде решен за 3 месеци. Исто така е ефикасен во граѓанскиот оддел, бидејќи предметите кои што заостанале во работа можел да ги реши за 5 месеци, како и во кривичниот оддел каде што заостанатите предмети може да ги реши за 6 месеци.

Во овој суд се појавува зголемен заостаток на нерешени предмети на крајот на 2012 година кој се должи на енормно големиот број од 1.567 новопримени граѓански предмети од мала вредност во последните два месеци од годината, но тоа не е загрижувачки податок со оглед дека се

работи за едноставни и еднолични предмети кои можат да се решат во краток временски интервал.

По однос на постигнатиот квалитет во просек по оддели, може да се заклучи дека судот покажал добри резултати во работењето и дека тука треба да се посвети поголемо внимание. Неопходни се програмски активности за подобрување на квалитетот на одлуките.

За подобрување на состојбите во судот потребно е итно да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал.

Во однос на материјалната состојба ургентна е потребата за обезбедување на неопходните материјални средства за покривање на долговите и за тековно работење. Овие мерки ќе влијаат на зголемување на ефикасноста и подобрување на квалитетот.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

**Основниот суд Берово** спаѓа во редот на првостепените судови со **основна надлежност.**

Во Основниот суд Берово во претходната 2011 година нерешени останале **313** предмети. Новопримени предмети во работа во текот на 2012 година биле **2.630** предмети, што значи вкупно во работа судот имал **2.943** предмети. Решени биле **2.645** предмети, а нерешени останале **298** предмети, што значи дека судот го совладал приливот за **15** предмети.

Во однос на **квалитетот на работење и ангажираноста на судиите**, состојбата е следна:

Од вкупно решени 134 предмети на ниво на **кривичен оддел**, обжалени биле вкупно 34 предмети или 24,62%, од кои потврдени се вкупно 16 предмети или 47,06%, преиначен е еден предмет или 2,94% и укинати се 17 предмети или 50,00%. Од вкупниот број на решени предмети потврдени се 11,94%, преиначени се 0,74% и укинати 12,68%. Во квалитетот на решавање се забележува опаѓање во однос на претходната година, ако се земат предвид поединечно бројот на решените и обжалените предмети, како и бројот на потврдени, преиначени и укинати одлуки. Во прекршочниот оддел во текот на 2012 година биле вкупно решени 699 предмети од кои обжалени се 48 или 6,86%, потврдени се 31 или 64,58%, преиначени се 4 или 8,34% и укинати 13 или 27,08%. **Во граѓанскиот оддел** во кој работеле двајца судии, во текот на 2012 година биле решени 238 предмети од кои обжалени биле 99 предмети, од кои потврдени се вкупно 68 предмети или 68,68 %, преиначени се вкупно 15 предмети или 15,16 % и укинати се 16 предмети или 16,16 %.

Од вкупниот број на решени предмети потврдени се 28,58 %, преиначени се 6,30 % и укинати 6,72 %.

Во Основниот суд во Берово вкупниот број на **стари нерешени предмети** во кривичниот оддел - кривични полнолетни е еден предмет, , а стари нерешени предмети од областа на прекршоците нема. Стари нерешени предмети во граѓанскиот оддел се вкупно 11 предмети.

Основниот суд Берово е суд со основна надлежност во кој не е можно да се изврши стриктна специјализавија на судиите по одделни области.Основниот суд Берово во текот на 2012 година го совладал годишниот прилив за 15 предмети.

Квалитетот на работењето на судиите забележува пад во однос на претходно анализираниот период, но во однос на потребното време за совладување на нерешените предмети, покажува ажурност.

Во текот на 2012 година во судот работеле двајца стручни соработници, кои биле распоредени да работат секој од нив кај двајца судии, но според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места предвиден е поголем број на извршители, односно предвидени се пет судски соработници, а пополнети се две работни места, а предвидени се и пет виши судски соработници, еден судски советник и три помлади судски соработници, кои работни места не се пополнети.

Со пополнување на овие работни места, како и останатите според Правилникот за изменување, дополнување и усогласување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места донесен од страна на Претседателот на судот на 11.03.2011 година, едукација на судиите воопшто, а особено во кривичниот оддел, следењето на судската пракса,може да се очекува да се постигнат поголеми резултати во квантитетот и квалитетот на работата.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

**Основниот суд Виница** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во 2012 година судот започнал со нерешени **343** предмети, примил нови по сите основи **4.430** (заедно со укинатите), или вкупно имал во работа **4.773** предмети.

Во извештајната година вкупно биле решени **4.327** предмети. На крајот од годината останале нерешени **446** предмети. Споредено со 2011 година кога останале нерешени **341** предмет, во 2012 година заостатокот е зголемен за **105** предмети. Во 2012 година судот имал поголем обем на работа споредено со 2011 година. Биле примени нови **730** предмети или обемот со новите предмети зголемен е за **20,1%**.

Во **кривичниот оддел** биле примени 2565 предмети, вкупно во работа 2.859 предмети, решени 2.552 предмети, а останале нерешени 231 предмет. Споредено со претходната година кога имало во работа 2236 предмети, вкупниот обем на работа во овој оддел е зголемен за 623 предмети или за 27,8%. Годишниот прилив не е совладан и заостатокот е зголемен за 13 предмети од кои што најголем број се однесува на извршните предмети, на извршување на кривичните парични казни кои се доставени на извршување до Управата за јавни приходи, а нема повратна информација дали истите се извршени.

Вкупно во **граѓанскиот оддел** на почетокот на годината имало заостаток од 103 предмети, биле примени 1.282 нови предмети и вкупно во работа имал 1.385 предмети. Во извештајниот период биле решени

1.191 предмет, а останале на крајот на годината нерешени 194 предмети, од ови податоци може да се извлече констатација дека приливот на предмети не е совладан и заостатокот е зголемен за 94 предмети.

Во однос на **констатацијата за ангажираноста и квалитетот во работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, податоците се следни:

Квалитетот на работа изразен преку процент на потврдени и укинати пресуди во однос на решените на ниво на суд изнесува: кај кривичните предмети 13,74% укинати, кај граѓанските 4,81% и кај прекршочните 3,60%. Процентот на преиначени пресуди во однос на решените на ниво на суд изнесува: кај кривичните 5,34%, кај граѓанските 2,88% и прекршочните 1,69%.

По оддели квалитетот на работа на ниво на суд изнесува: **кривичен оддел** кај укинати предмети спрема решени 4,80%, а преиначени спрема решени 2,16%, кај **граѓанскиот оддел** укинати спрема решените 4.81% и преиначени спрема решените 2,88%.

По прикажаните податоци на извештајот за 2012 година може да се заклучи дека Основниот суд во Виница во 2012 година, во рамките на својата надлежност имал поголем обем на работа во однос на 2011 година, бидејќи биле примени повеќе 730 нови предмети по кои постапувал судот во ист состав на извршители. Од вкупниот број на незавршени предмети кои останале во 2012 година може да се заклучи дека судот во Виница не успеал да го совлада приливот на нови предмети и го зголемил остатокот на нерешените предмети.

Према бројот на судиите извршители на судската функција **заостатокот од 446 предмети може да го решат за 1,03 месеци.**

Како заклучно согледување за работата на Основниот суд во Виница според искажаните податоци за вкупниот обем на работа примени и завршени предмети со заостаток на нерешени предмети од 446, Основниот суд во Виница може да се стави во категоријата на **ажурни и ефикасни судови,** а во 2013 година треба да го има во предвид подобрувањето на условите за работа и комплетирањето на судот со судски кадар.

## ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

**Основниот суд Делчево** спаѓа во категоријата на првостепени судови со **основна надлежност.**

Од претходната 2011 година во судот останале незавршени **734** предмети. Во текот на 2012 година се примени во работа **4560** предмети, што значи дека вкупно во работа во 2012 година биле **5294** предмети. Во извештајната 2012 година од вкупниот број на предмети се решени **4664** предмети а останале нерешени **630** предмети. Споредено со бројот на нерешените предмети во 2011 година, оваа година останале помалку во работа **104** предмети. Што значи дека во текот на 2012 година е совладан приловот и од заостатокот се решени **104** предмети.

Во вкупно решените 4664 предмети во 2012 година, не се засметани 736 предмети како административна работа на судот изразени во сумарниот преглед

Во однос на **констатацијата за квалитетот во работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, податоците се следни:

Од вкупно завршените **граѓански предмети** со пресуда се решени 251. Од обжалените пресуди 144 се потврдени, преправени се 2 или 1,15%, а укинати се 28 или 16,1%. Од вкупниот број на решени предмети, потврдени се 30,9%, преправени 0,4%, а укинати 6%. Од вкупно завршените 4 **оставински предмети** 3 се обжалени од кои 1 предмет е укинат. Од вкупно 66 завршени други вонпарнични предмети во извештајната 2012 година, обжалени се 2 од кои 1 е потврден и 1 укинат.

Од вкупно решените 182 **кривични предмети** за полнолетни лица во извештајната година по жалба во Апелациониот суд Штип биле 47 предмети или 25,8% од кои се потврдени 20 или 54%, преправени 3 пресуди или 8,1%%, а укинати 14 предмети или 37,8%. Од вкупниот број на завршени предмети потврдени се 10,9%, преправени 1,6%, а укинати 7,7%.

Од вкупно завршените 567 **прекршочни** предмети во извештајната година се обжалени и се одлучени по жалба 82 предмети. Од нив 65 одлуки се потврдени или 73%, преправени 7 одлуки или 7.8%, а укинати 17 одлуки или 19,1%. Од вкупно завршените предмети се потврдени 11.4%, преправени 1.2% и укинати 3 %.

Во извештајната година останал 1 **стар нерешен предмет** од 2008 година. Во 2010 година останале нерешени 3 парнични предмети. Кај вонпарнични предмети од 2009 година има 3 нерешени предмети, а во 2010 година се 2 нерешени вонпроцесни предмети.

Од искажаните податоци за работењето на Основниот суд Делчево во извештајната 2012 година, може да се констатира дека Основниот суд во Делчево го совладал приливот на нови предмети и заостатокот од 734 незавршени предмети од 2011 година го намалил за 104 предмети.

Совладан е приливот на кривичните предмети за полнолетни лица и истраги како и парничните предмети, а не е совладан приловот во прекршочните и вонпарничните предмети. Заради ова е потребна поголема ангажираност на судиите по овие незавршени предмети.

Како заклучно согледување се искажува оценка за Основниот суд Делчево како **ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада во релативно краток период.

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

**Основниот суд Кочани** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

На почетокот на 2012 година во Основниот Суд во Кочани биле вкупно останати од 2011 година **1.365** предмети, примени се вкупно **10.043** предмети, од кои најголем број примени во месеците ноември и

декември.во текот на годината вкупно во работа биле **11.408** предмети, од кои решение се **9.718** предмети, а останале нерешени **1.690** предмети, со што не е совладан приливот, а остатокот е зголемен за **325** предмети. Заостатокот е зголемен кај оставинските предмети кои ги работата нотарите како повереници на судот и тоа за 147 предмети и разни граѓански предмети каде заостатокот е зголемен за 122 предмети кои произлегуваат поради приемот на предметите за легализација и трактори кои се заведуваат под Р уписник, а кои предмети се примени во месец ноември и декември 2012 година, а заостатокот не е совладан и кај платните налози по приговор за 172 предмети, ако се изврши увид во месечните извештаи за работа во судот ќе се констатира дека во месец ноември и декември 2012 година се примени поголем број на вакви предмети за работа и реално судиите не можеле да ги завршат за толку краток период.

Во однос на **констатациите за ангажираноста и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** вкупно во работа во текот на 2012 година имало 5.715 предмети од кои: заостаток од минатата година 746 предмети и нови 4.969 предмети. Вкупно решени предмети во текот на 2012 година во кривичниот оддел се 4.865 предмети, а останале нерешени 850 предмети.

Во кривичниот оддел од **кривичните постапки за полнолетни лица** биле решени вкупно 286 предмети, по жалба биле 89 предмети од кои 59 предмети биле потврдени или 66,3%, 12 предмети биле преправени или 13,5% и 18 предмети биле укинати или 20,2%. Во однос на вкупно решение предмети и вкупно укинати 18 предмети процентот на укинати е 6,29%. Од **прекршочните предмети** биле решени вкупно 1.795 предмети, по жалба биле 166 предмети или 99,2%, потврдени биле 97 предмети или 58,4%, преправени биле 21 предмет или 12,6% и укинати биле 48 предмети или 28,9%. По однос на вкупно решените предмети процентот на укинати предмети е 2,7%.

Во **граѓанскиот оддел** во текот на 2012 година имало во работа вкупно 4.242 предмети од кои: заостанати од претходната година 619 предмети и ново примени 3.623 предмети. Вкупно решени предмети во извештајната година се 3.402 предмети и останале нерешени 840 предмети. И во едниот и во другиот оддел не е совладан приливот на предмети.

Во граѓанскиот оддел, **парнична област** вкупно биле решени 827 парнични предмети. По жалба биле 341 предмет од кои: потврдени биле 354 предмети или 74,5%, преправени 22 предмети или 6,4% и укинати 65 предмети или 19,1%, што претставува добар квалитет. Што се однесува до односот на донесени пресуди односот е исти како и квалитетот на донесени одлуки и донесени се 599 пресуди, по жалба биле 320 предмети, бројот на укинати предмети е 65 во однос на вкупно решените предмети, 827 предмети е исто така незначителен и изнесува 7,9%. **Стопански предмети** вкупно биле нерешени 210. По жалба биле 59 предмети од кои 44 предмети биле потврдени или 74,6%, 6 предмети преправени или 10.2% и 9 предмети укинати или 15,2%. Во однос на

вкупно решените предмети процентот на укинати предмети е соссема мал и изнесува 4,35%. Процентот на укинати пресуди во стопанските предмети изнесува 15,2%, донесени се вкупно 166 пресуди, по жалба биле 59 пресуди. **Вонпроцесните предмети** по жалба биле 16 предмети, од кои 9 се потврдени или 56,2% и 7 предмети укинати или 43,7%. Бројот на одлуки кои биле по жалба во **стечајни предмети** е мал, но е постигнат многу добар квалитет на решавање по истите. По жалба биле 4 предмети и истите биле потврдени. **Приговори поради неправилноста на извршување** биле решени вкупно 323 предмети, по жалба биле 60 предмети од кои 44 предмети потврдени или 73,3% и 16 предмети преправани или 26,7%.

Вкупниот број на **стари нерешени предмети** е 31, од кои 13 во кривичниот оддел и 18 во граѓанскиот оддел.

Имајќи ги во предвид горе цитираните бројки за судот за 2012 година, може да се констатира дека приливот не е совладан, а за остатокот на предмети е зголемен за 325 предмети, со тоа **судот не бил ажурен**.

Во 2013 година поголема ангажираност на сите судии и сите вработени во судот за зостатокот од 325 предмети и приливот да бидат совладени со максимална ангажираност на судиите и вработени во судот.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

**Основниот суд Радовиш** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во извештајната 2012 година во судот новопримени се **7.060** предмети, од претходната година останале нерешени **600** предмети или вкупно судот во работа имал **7.660** предмети. Во споредба со претходната година, во судот биле примени **877** предмети помалку, со оглед на тоа што во 2011 година биле примени **7.937** предмети.

Решени се вкупно **7.183** предмети што претставува намалување за **1.686** предмети во споредба со претходната година кога биле решени **8.869** предмети, првенствено како последица на намалениот обем на работа. И покрај големиот број на новопримени предмети во месеците ноември и декември појавени во текот на извештајната година од причина на изменета законска регулатива видно е намалување на заостатокот, кај нерешените предмети, бидејќи на крајот од извештајната 2012 година останале нерешени 477 предмети, а во претходната година останале нерешени 600 предмети.

Во однос на **констатациите за ангажираноста и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** во извештајната 2012 година биле примени 3.867 предмети, а во претходната година биле примени 3.557 предмети и евидентно е зголемување за 310 предмети. Вкупно во работа во кривичниот оддел биле 4.194 предмети, а во претходната година 4.287 предмети и евидентно е намалување за 93 предмети. Во извештајната 2012 година, во кривичниот оддел вкупно биле решени 4.001 предмет, а во претходната година 3.960 предмети и зголемен е бројот на решени

предмети за 41 предмет. Бројот на нерешените предмети во кривичниот оддел е 193 предмети, а во претходната година останале нерешени 327 предмети и евидентно е намалување за 134 предмети. Во кривичниот оддел е забележано значително намалување на заостатокот кај истрагите, кривичните предмети, прекршочните предмети, извршувањето прекршочни парични казни, извршување казна затвор и совладан е приливот на предмети.

По однос на **квалитетот на одлуките по кривичните предмети** состојбата е следна: во текот на годината вкупно решени се 236 предмети, необжалени се 179 премети, обжалени се 60 пресуди или 25,42% од кои потврдени се 37 предмети или 61,66%, преиначени се 2 предмети или 3,33%, укинати се 21 предмет или 35,00%. По однос на вкупниот број на решени предмети, потврдени се 15,67%, преиначени се 0,84%, а укинати се 8,89%. По однос на **прекршочните предмети** од вкупно решени 1.458 предмети, необжалени се 1.365 предмети, обжалени се 95 предмети или 5%, потврдени се 54 предмети или 56,84%, преиначени се 11 предмети или 11,57%, укинати се 30 предмети или 31,25%, а во вкупниот број на решени предмети потврдени се 3,70%, преиначени 0,74%, а укинати 2,05%.

Во извештајната 2012 година **во граѓанскиот оддел** вкупно биле примени 1.601 предмет, а во претходната година биле примени вкупно 3.293 предмети и евидентирано е намалување за 1.692 предмети. Во извештајната 2012 година вкупно во работа биле 1.874 предмети, а во претходната година биле 4.095 предмети и има намалување за 2.221 предмет.Во извештајната 2012 година вкупно биле решени 1.594 предмети во овој оддел, а во претходната година биле решени 3.822 предмети и има намалување за 2.228 предмети. На крајот на извештајната 2012 година во граѓанскиот оддел останале нерешени 280 предмети, а во претходната 2011 година заостатокот изнесувал 273 предмети и има зголемување за 7 предмети. Врз основа на овие податоци може да се констатира значително намалување на новопримените предмети во граѓанскиот оддел, што се рефлектира врз значително намалување на бројот на завршените предмети во извештајниот период.

По однос на **квалитетот на одлуките** во граѓанскиот оддел решени се 267 **парнични предмети** (имотни, семејни и работни) од кои со пресуда 167 предмети, обжалени се 105 предмети, или 62,87%, необжалени се 79 предмети или 47,30%, потврдени се 78 предмети или 74,28%, преиначени се 6 предмети или 5,71%, укинати се 21 предмет или 20,00. **Вонпроцесни предмети** вкупно решени се 78 предмети, необжалени се 66 предмети, обжалени се 12 предмети или 15,38% од кои 11 се потврдени или 91,66%, 1 предмет е укинат или 8,33% од вкупниот број решени предмети потврдени се 14,10%, а укинати се 1,28%.

По однос на **нерешените стари предмети** со состојба до 31.12.2012 година во Основниот суд Радовиш евидентирани се 2 кривични предмети и 1 вонпарничен предмет кои имаат статус на стари предмети.

Во текот на извештајната година Основниот суд во Радовиш успел да го намали заостатокот и да реши дел од предметите кои останале од претходните години, така да на крајот на годината останале нерешени 477 предмети, во споредба со 2011 година, кога на крајот на годината како нерешени останале 600 предмети.

Извештајниот период го обележал помал прилив на нови предмети, што доведено во корелација со зголемениот број завршени предмети од претходниот временски период довел до состојба на значително намален вкупен број на предмети во работа во судот.

Ваквата состојба предизвикала неможност за совладување на ориентационата норма од страна на носителите на судиската функција што е од објективна природа, а има показатели кои укажуваат на тоа дека ваквата тенденција ќе продолжи и во наредниот временски период.

Во Основниот суд во Радовиш во текот на 2012 година имаме помал прилив на предмети, помалку предмети вкупно во работа, намалување на бројот на решени предмети, првенствено како последица на намалениот обем на работа и намалување на заостатокот кај нерешените предмети.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

**Основниот суд Свети Николе** е првостепен суд со **основна надлежност.**

На почетокот од 2012 година од претходната година останале нерешени **1.086** предмети. Во текот на 2012 година се примени нови **4.765** предмети. Вкупниот број на предмети во работа во 2012 година бил **5.851** предмет, а во текот на 2012 година се решени вкупно **5.034** предмети, што значи нерешени на крајот на годината останале **817** предмети.

Што се однесува до констатациите во поглед на **ангажираноста и квалитетот на работењето** состојбата е следна:

Судиите во овој суд заедно со Претседателот на Судот во текот на извештајната година имаат покажано ангажираност за ефикасно и квалитетно работење.

Во 2012 година нерешени предмети од претходната година во **кривичниот оддел** останале 39 предмети. Новопримени се 154 предмети или вкупно во работа имало 193 предмети. Решени се 158 предмети, а нерешени останале 35 предмети. Решени се и 51 истрага, 80 разни истражни дејствија и 18 замолници.

Во 2012 година нерешени **прекршочни предмети** од претходната година останале 258 предмети, новопримени се 627 предмети или вкупно во работа биле 885 предмети. Решени се 687 предмети, а останале нерешени на крајот на годината 198 предмети.

Во кривичниот оддел во извештајната година од обжалените 76 предмети, потврдени се 57 пресуди, преправени се 6 пресуди и укинати се 18 пресуди. Од вкупниот број на решени предмети процентуално се потврдени 36,1 %, преправени 3,8 % и укинати 11,4 %.

Во 2012 година нерешени предмети во **граѓанскиот и вонпарничен оддел** од претходната година останале 385 предмети. Новопримени се 821 предмет или вкупно во работа имало 1.206 предмети. Решени се 885 предмети, а нерешени останале 321 предмет. Во граѓанскиот и вонпарничниот оддел обжалени се 231 предмет или 26,1 % од кои потврдени 213 предмети, преправени се 16 предмети и укинати се 33 предмети.

Во вкупниот број на решени предмети процентуално потврдени се 24,1 %, преправени 1,8% и укинати 3,7 %.

Основниот суд Свети Николе во текот на извештајната година остварил позитивни резултати. Целосно е совладан приливот така да овој суд е **апсолутно ефикасен суд.** Судиите во овој суд направиле напори и се ангажирале во одлучувањето на предметите и постигнале одредени резултати. Овој суд и понатаму треба да продолжи со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките преку засилен личен ангажман на судиите во насока на решавање на поголем број предмети, подобрување на квалитетот во пресудувањето и постојано стручно усовршување на судиите.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

**Основниот суд Струмица** спаѓа во судовите со **проширена надлежност.**

Во Основниот суд во Струмица на 01.01.2012 година евидентирани се како нерешени предмети од претходната година 6.962 предмети, во текот 2012 година новопримени предмети се 18.886 предмети, така да вкупно во работа во Основниот суд во Струмица во 2012 година биле 25.848 предмети. Во текот на 2012 година решени се 21.570 предмети, нерешени останале 4.278 предмети. Во однос на претходната 2011 година, кога нерешени предмети биле евидентирани 6.962 предмети, заостатокот во 2012 година е намален за 2.684 предмети.

Со оглед на фактот да **заостатокот на предмети може да се реши за помалку од 6 месеци Основниот суд во Струмица спаѓа во редот на ефикасни судови.**

Во однос на **ангажираноста и квалитетот** на судиите, констатациите се следни:

Во **кривичниот оддел**, по **кривичните предмети за полнолетни лица** состојбата е следна – решени се вкупно 1.069 предмети, од претходно прикажаните укинати предмети во работа биле 54 предмети. По однос на малолетничките предмети, вкупно во работа биле 117 предмети, истражни предмети вкупно решени се 100 предмети, истражни дејствија 570 предмети, замолници 28, прекршочни предмети вкупно решени 3.122 предмети, извршни кривични санкции 768, извршни прекршочни санкции 2.814 предмети. Од вкупно решените 1.123 предмети необжалени се 901 предмет, а обжалени се 222 предмети или 19,8% од кои 147 се потврдени или 66,2%, а 22 предмети се преиначени или 9,9%, 53 предмети се укинати или 23,9%, а од вкупниот број на решени предмети потврдени се 13,1%, преиначени се 2,0% и укинати се

4,7%. Вкупниот број на решени предмети 1.123, 881 предмет се решени со пресуда, 122 предмети се обжалени или 25,2%, необжалени се 659 или 74,8%, потврдени се 147 предмети или 66,2%, преиначени се 22 предмети или 9,9% и укинати се 53 предмети или 23,9%. Споредбено со претходната 2011 година во текот на 2012 година, во кривичниот оддел има зголемен број на решени предмети, зголемен број на решени предмети со пресуда, од бројот на донесените пресуди, зголемен е бројот на потврдени и преиначени одлуки, а укинатите пресуди се на нивото на претходната година.

Состојбата со **прекршочните предмети** е следна: вкупно решени во прекршочниот оддел се 3.122 предмети од кои необжалени се 2.862 предмети, обжалени се 260 предмети или 8,3%, потврдени се 178 предмети или 68,5%, преиначени се 10 предмети или 3,8%, укинати се 72 предмети или 27,7%, по однос на вкупниот дел на решени предмети, потврдени се 5,7%, преиначени се 0,3%, а укинати се 2,3%. Во прекршочниот оддел од вкупно донесените 2.213 пресуди обжалени се 239 пресуди или 10,8%, необжалени се 1.974 или 89,2%, потврдени се 163 или 68,2%, преиначени се 9 или 3,8%, укинати се 67 или 28,0%. Споредено со претходната 2011 година, во 2012 година, во прекршочниот отсек решени се помалку предмети, донесени помалку пресуди, намален е процентот на потврдените, преиначените и на укинатите пресуди.

Во **граѓанскиот оддел** состојбата со предметите во 2012 година е следна: вкупно решени се 1.114 предмети, од претходно укинатите прикажани предмети 84 по однос на парничните предмети (имотни, семејни и работни), се решени по однос на стопанските спорови вкупно 341 предмет, а нема решени од претходно укинатите прикажани предмети, стечај, ликвидација, решени се вкупно 142 предмети, разни граѓански предмети 158 предмети, вонпарнични предмети вкупно решени се оставински 653 предмети, ВПП 147 предмети, извршни предмети 3.413, платни налози 5 и платни налози по приговор 375 предмети. Од вкупниот број на решени парнични предмети 1.114, обжалени се 427, необжалени се 683 предмети, потврдени се 309 предмети или 72,4%, преиначени 36 предмети или 8,4%, укинати се 82 предмети или 19,2%, од вкупниот број на решени предмети потврдени се 27,7%, 3,2% се преиначени и 7,4% се укинати.

По однос на **стопанските спорови** вкупно решени се 571 предмет, обжалени се 112 предмети, необжалени 459, потврдени се 93 предмети, или 83,0%, преиначени нема, 19 предмети се укинати или 17,0% од вкупниот број на решени предмети потврдени се 16,3%, а укинати се 3,3%. Со пресуда вкупно решени се 724 парнични предмети од кои обжалени се 427 или 59,0%, необжалени се 297 предмети или 47,0%, потврдени се 309 предмети или 72,4%, преиначени се 36 предмети или 8,4%, укинати се 82 предмети или 19,2%.По однос на стопанските спорови донесени се 308 пресуди, 32 се обжалени или 20,1%, необжалени се 236 пресуди или 76,6%, потврдени се 54 предмети или 3,0%, укинати се 8 предмети или 12,9%.Од решените вонпроцесни 305 предмети, обжалени се 32 предмети, необжалени се 278 предмети, потврдени се 22 предмети или 68,8%, укинати се 8 предмети или 25,0%.

**Оставински предмети** од вкупно решени 653, сите се необжалени.

По однос на предметите за **стечај и ликвидација**, од решените 142 предмети, обжален е 1 предмет и истиот е потврден.

Споредено со 2011 година, во граѓанскиот оддел, решени се со пресуда помалку парнични предмети, помалку се обжалени, бројот на потврдените одлуки е помал, а процентот на преиначените одлуки е поголем, а исто така е поголем и процентот на укинатите одлуки. Во стопанските спорови донесени се поголем број на пресуди, од кои процентот на потврдените и на укинатите пресуди е на ниво од претходната година.

Бројот на решените стечајни предмети и ликвидација е зголемен, бројот на потврдени пресуди во вонпроцесните предмети е намален, а процентот на укинатите пресуди е зголемен, а по однос на оставинските предмети од вкупно решените 653 предмети, сите се необжалени.

На крајот на 2012 година останале **нерешени стари кривични предмети** 14 за полнолетни лица, од кои најстариот предмет е од 2007 година. Во **граѓанскиот оддел** на крајот на 2012 година останале нерешени предмети и тоа парнични предмети вкупно 26 од кои најстариот е од 2002 година, стопански спорови останале нерешени 9 предмети и тоа најстариот е од 2006 година, нерешени стари ВПП предмети вкупно се 13 од кои најстари се 2 предмети од 2006 година и нерешени стари оставински предмети се вкупно 2 и тоа од 2007 година.

Имајќи ги во предвид податоците за работењето на Основниот суд во Струмица во 2011 година, споредени со податоците за работењето во 2012 година се констатира следната состојба: во извештајната 2012 година имаме поголем прилив на новопримени предмети во однос на претходната година, намалување на вкупниот број на предмети во работа, намалување на бројот на решените предмети, намалување на заостатокот на предмети во однос на претходната година.

Со оглед на фактот да заостатокот на предмети може да се реши за помалку од 6 месеци Основниот суд во Струмица спаѓа во редот на **ефикасни судови**.

Во извештајниот период, Основниот суд во Струмица покажал висок степен на ефикасност и ажурност, имајќи го во предвид фактот да во текот на 2012 година не е потполнето само 1 судиско место, а во текот на годината, тројца судии заминале во пензија.Во наредниот период судот ќе треба да се доекипира со административно технички персонал, соработници и приправници. Заради поефикасно и поажурно работење по програмата АКМИС, неопходно е потребно пополнување на уште едно работно место за информатичар. Од предвидените 8 раководни работни места пополнето есамо едно работно место судски администратор, и во наредниот период ќе треба да се пополнат и овие работни места, компјутерската опрема не е на потребното ниво за нормално функционирање на програмата АКМИС и потребно е обновување и замена на старите модели.

Во наредниот период ќе треба да се пополнат испразнетите судиски места.

Основниот суд во Струмица во текот на 2012 година го совладал годишниот прилив.

Квалитетот на работењето на судиите во глобала е на потребното ниво.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

**Основниот суд Штип** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во 2012 година во Основниот суд Штип имало вкупно предмети во работа 15.915 предмети. Заостатокот од 2011 година бил 3.496 предмети, а новопримени во текот на 2012 година биле вкупное 12.419 предмети. Во текот на 2012 година биле решени 13.312 предмети, а останале нерешени 2.603 предмети. Може да се констатира дека приливот на предмети е совладан, решени се повеќе предмети, а имајќи го предвид и фактот што судот во текот на 2012 година работел со нецелосна кадровска екипираност на административниот персонал, може да се заклучи дека судот бил **ажурен и ефикасен**.

Во однос на **ангажираноста и квалитетот на судиите**, констатациите се следни:

Во **граѓанските предмети** (имотни, семејни и мала вредност), од 2011 година останале нерешени 564 предмети. Примени во текот на 2012 година се 769 предмети. Вкупно во работа во 2012 година биле 1.333 предмети од кои решени во 2012 година се 1996 предмети, а останале нерешни 237 предмети. Заостатокот од претходната година е намален за 327 предмети или за 58%. Од вкупниот број решени предмети обжалени се 333 предмети или 33,30%, од обжалените потврдени се 226 предмети или 20,6%, преправени се 32 предмети или 9,6% и укинати 75 предмети или 22,5%.Во вкупниот број решени предмети потврдени се 26,6%, преправени се 12,9% и укинати се 6,8%.Просечно месечно судија решавал по 15 предмети.

Од 2011 година останале нерешени 188 **работни спорови**. Во тековната година примени се 478 предмети, што значи вкупно во работа имало 666 предмети. Решени се 511 предмети и нерешени останале 155 предмети. Заостатокот во однос на претходната година е намален за 30 предмети или за 17,5%. Месечниот просек за решавање во овој оддел изнесува 24 предмети. Од вкупно решените предмети обжалени се 167 предмети или 32,6%, од обжалените потврдени се 147 предмети или 88%, преправени се 5 предмети или 2,9% и укинати се 15 предмети или 8,9%. Во вкупниот број решени предмети потврдени се 28,7%, преправени се 0,9% и укинати 2,9%.

Во 2011 година останале нерешени 198 **трговски спорови**. Во тековната 2012 година примени се 128 прдмети, вкупно во работа биле 326 предмети, решени се 252 предмети и нерешени останале 74 предмети.Заостатокот во однос на претходната година е намален за 124 предмети или 62,6%.Месечниот просек на решавање во овој оддел изнесува 12 предмети. Од вкупно решените предмети обжалени се 97 предмети или 38%, од обжалените потврдени се 75 предмети или 77,3%,

преправени се 3 предмети или 3% и укинати се 19 предмети или 19,5%, од вкупниот број решени предмети потврдени се 29,7%, преправени се 1,1% и укинати се 7,5%.

Од **платни налози по приговор** од 2011 година останале нерешени 99 предмети, а во текот на 2012 година примени се 484 предмети, вкупно во работа биле 583 предмети, решени се 329 предмети, останале нерешени 254 предмети.

Од **вонпарнични предмети**, **оствински и граѓански платни налози по приговор** решени се следните: платни налози по приговор решени 86 граѓански, 13 оставински предмети, 29 физички делби, 48 останати ВПП и 2 замолници. Од страна на нотарите како повереници на судот решени се 423 оставински предмети. Претседателот на судот постапувал по 861 предмет од **судска управа** и решил 172 предмети по приговори против неправилности на извршител.

**Кривични предмети за полнолетни лица** од 2011 година останале нерешени 258 предмети, примени во текот на 2012 година се 591 предмет, вкупно во работа биле 849 предмети, од кои решени се 655 предмети, а останале нерешени 194 предмети. Заостатокот во однос на претходната година е намален 64 предмети или за 25%. Траењето на постапката од вкупно решени 655 предмети до 8 дена се решени 474 предмети, до 15 дена решени се 119 предмети и до 30 дена решени се 45 предмети и над 30 дена решени се 19 предмети. Од вкупно решените 655 предмети обжалени се 209 предмети или 31,9%, од обжалените потврдени се 135 предмети или 64,5%, преправени се 20 предмети или 9,5% и укинати се 54 предмети или 25,8%. Во вкупниот број на решени 655 предмети потврдени се 20,6%, преправени се 3% и укинати се 8,2%. Просечно месечно судија решавал по 12,47 предмети.

Во текот на 2011 година останале нерешени 53 предмети-**истраги**, примени во текот година се 174 предмети, или вкупно во работа биле 227 предмети од кои решени 190 предмети, а останале нерешени 37 предмети. Заостатокот во однос на претходната година е намален за 16 предмети или за 30%. Просечно месечно судија решавал по 18 предмети.

Од 2011 година останале нерешени 15 **кривични предмети за малолетници**, а примени во текот на годината се 49 предмети и вкупно во работа биле 64 предмети. Решени во текот на годината се 61 предмет, а останале нерешени 3 предмети. Заостатокот во однос на претходната година е намален за 12 предмети или 80%. Од вкупно решените 61 предмет обжалени се 2 или 3,2%, од кои потврден 1 предмет, укинат е 1 предмет. Просечно месечно судија решавал по 5,8 предмети.

Од **прекршочните предмети** од претходната година останале нерешени 700 предмети. Примени во текот на годината се 3.083 предмети и вкупно во работа имало 3.788 предмети од кои: решени се 3.181 предмет, а останале нерешени 607 предмет. Заостатокот во однос на претходната година е намален за 98 предмети или за 13,9%. Од вкупно решените предмети обжалени се 401 или 12,6%, од обжалените потврдени се 244 предмети или 61%, преправени се 60 предмети или 15% и укинати се 97 предмети или 24,1%. Од вкупниот број решени

предмети потврдени се 7,6%, преиначени се 1,8% и укинати се 3%. Просечно месечно судија решавал по 76 предмети.

Вкупниот број на **стари и нерешени предмети** во судот е 173 предмети.

Може да се констатира дека Основниот суд Штип работел **ажурно и ефикасно**.

Во наредната 2013 година судот во сите оддели посебно внимание треба да посвети на подобрување на квалитетот на донесените пресуди и решавањето на заостатокот на старите предмети. Врз основа на согледаните резултати од извештајот од судот и направената промена во распоредот за работа на судиите е постигната целта за подобри резултати во судот.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**